РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ГОДИНА XXVIII, БР. 155 (4/2024) ЦЕНА 100 ДЕН.

СТОЖЕР

dpm-pisateli.mk/stozer



ISSN 1409-6005

ОДБЕЛЕЖУВАЊА:
Крсте П. Мисирков
Матеја Матевски

ТВОРБИ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ:
Александар Кујунџиски
Стево Симски
Наум Попески

ВРАЧЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2023 Г.

„СТАЛЕ ПОПОВ“
за Блаже Миневски

„АЦО ШОПОВ“
за Зоран Анчевски

„ДИМИТАР МИТРЕВ“
за Лидија Капушевска-Дракулевска
и Влада Урошевиќ

„ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“
за Билјана Црвенковска















Свечено доделување на годишните награди на ДПМ за 2023 година

СОДРЖИНА

03. **Воведен збор**
Славчо Ковилоски
04. **Песни**
Георги Барбаровски
05. **Есеј**
Санде Стојчевски
06. **Песни**
Веле Смилевски
08. **Студија**
Сузана В. Спасовска
10. **Студија**
Сузана Мицева
12. **Студија**
Ивица Челиковиќ
14. **Песни**
Бенгт Берг
15. **Согледба**
Вера Стојчевска-Антиќ
17. **Поезија**
Линдита Ахмети
18. **Поезија**
Александар Кујунџиски
20. **Бајка**
Стево Симски
22. **Поезија**
Наум Попески
23. **Видувања**
Берт Стајн
24. **Есеи**
Трајче Кацаров
26. **Поезија**
Лилјана Стоилковска
27. **Осврт**
Дарин Ангеловски
28. **Осврт**
Мишо Китаноски
29. **Став**
Ерол Туфан
32. **Поезија**
Марјан Гракалиќ
33. **Рецензија**
Александар Василевски
34. **Поезија**
Мимоза Ахмети
35. **Поезија**
Борче Панов
36. **150 години од раѓањето на Крсте П. Мисирков**
37. **95 години од раѓањето на Матеја Матевски**
38. **Врачени традиционалните годишни награди на ДПМ за 2023 г.**

Пишува: Славчо Ковилоски, главен и одговорен уредник

ТОА НА М – ПСЕВДОНИМИ И КРАТЕНКИ

821.163.3:811.163.3'373.232.1



40. **IN MEMORIAM (Бистрица Миркуловска)**
41. **IN MEMORIAM (Михаил Ренџов)**
42. **IN MEMORIAM (Оливера Николова)**
43. **IN MEMORIAM (Славка Арсова)**
44. **Хроника на ДПМ/ Книжевни вести**
45. **Стрип**
46. **Стари фотографии**

Кога во 1894 година Петар Поп Арсов ја објавил книгата „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници", се потпишал со псевдонимот Вардарски. Дури и Софија, градот во кој ја објавил го потпишал со Виена. Бидејќи морал да се скрие, да пишува под псевдоним. Инаку, ќе го гонеле, ќе го затвореле и на крајот, можеби, ќе го убиеле, како што пред неколку години го убиле Димитар В. Македонски, претходно браќата Миладиновци, а по нив редица други македонски интелектуалци, револуционери, публицисти.

Во 1896 година се појавуваат нови две книшки потпишани со псевдоними. Едната е поетската збирка Срдечни воздиши за несреќна Македонија, со потпис А. Смерчо. Зад овој псевдоним се крие Атанас Раздолов, кој „го изразува револтот од пасивноста и разединетоста на македонските револуционери, кои сè повеќе пијат, дремат и се фалат по смрдлитите кафеани..." Другата е збирката песни „Стојна пострумка" потпишана со псевдонимот Д. Конаревски, а всушност дело на Димитар Г. Молеров.

Псевдонимот, односно лажното (скриено) име, исто како иницијалите и анонимите бил важна алатка за зачувување на животот во тоа време. Бил, а и останал и до ден-денешен на некои места. Да се зачува сопствениот живот, да се зачуваат животите во семејството, да се избегнат непријатности од економска, политичка, идеолошка и естетска природа. Од практични причини, пак, биле и останууваат да функционираат кратенките во печатот, како што ни се познати бројните иницијали зад текстовите во „Нова Македонија", „Вечер", „Дневник" итн.

Како една од практиките на авторите што треба да се забележи е прифаќањето ново презиме (и/или име) со кое тие се идентификувале. Во овој случај не станува збор за криење или скривање на идентитетот, туку поради некакви околности самосвесно се решиле да прифатат друго, различно именување од роденото. Овие промени можеле да се должат на религиозните (верските) практики, како во случаите со црковните лица, поради народносно или словенско осознавање, поради поблиска идентификација со родниот крај, поради навраќање кон постара родова идентификација, поради уметнички причини и сл. Само колку за пример, зарем Кочо Рацин не беше роден како Коста Солев (да не го заборавиме и неговиот псевдоним Невен Пејко), или пак, Видое Подгорец како Видое Петров, а Коле Чашуле како Никола Кепев? Зарем Ѓорѓи Абаџиев не се потпишуваше како Гоце Полинчанец, Бошко Смаќоски како Теофил С. или Славко Јаневски со –ски? Вакви примери има многу и во современата македонска литература, но за нив поопширно на некое друго место и во некое друго време.

Трендот на земање псевдоним или идентификување со име поразлично од роденото бил и ќе продолжи да биде актуелен и понатаму. Изборот никогаш не е случаен, а во неговата основа лежат чувствата на авторот, неговите политички сфаќања и идејниот однос кон литературата. Кретенките и скриените имиња, како она на М, (авто)цензурирањата и (само)иронизирањата во однос на разно-разни именувања можат да се сфатат и да претставуваат исконски начини на некаков отпор, слични на оние од минатите времиња. И така...



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Георги Барбаровски

ПЕСНАТА МОЖЕ СÈ

песната е да се пее
в грло да се извива
песната е да те грее
в небо да те издига

песната е да се слуша
срце да ти опива
песната е да те гушне
рани да ти измива

песната е да ти каже
што не може устата
песната е да те роди
да те умре
пустата

ЗАВЕТНА

негде ќе те премолчат
негде ќе те сокријат
гроб со гроба ќе покријат
само ти си бесмртна
жива вода подземна
кај што тонеш ти извираш

може да те одречат
други да те предадат
може сешто да измислат
само ти си бесмртна
жива вода подземна
кај што тонеш ти извираш

векови пеколни
заедно ќе минеме
древна земјо македонска
така е пишано
ништо да не бидеме
ти без мене
јас без тебе

МОЛИТВА

нека расте
о боже
родот убав мој
златен дожд од мудрост
долго нека пие
нека биде
о боже
вечен родот мој
нека е што не сме ние

дај ми боже сила небесна
да се кренам да се извишам
како ѕвезда јас да огреам
песна да му запеам

дај ми боже љубов ангелска
плодно семе јас да посеам
да се роди жито медено
вино зрело сведено

НАША СВАДБА

кога песна на наша свадба
ќе се запее
нема срце да не се крене
да не заигра
сепак негде длабоко
под дамарите
ќе ги жегне таговно
и свадбарите

кога оро на наша свадба
ќе се завие
нема човек да не се сепне
да не заигра
сепак негде длабоко
под дамарите
ќе ги жегне таговно
и свадбарите

овој живот што се слави
враќа само што си подарил
денес трње утре цвеќе
ништо повеќе
овој живот што се злати
сè што било ќе си наплати
денес трње утре цвеќе
и ништо повеќе



Есеј

821.163.3-4

ЗРАЧЕЊЕТО И ЗНАЧЕЊЕТО НА ЗБОРОТ

Санде Стојчевски

Во книжевната критика, во науката за книжевност и во науката воопшто, напорите особено се насочени дпрема семантичките слоеви, спрема алузиите и асоцијациите што ги емитираат одделни згуснати пунктови, значенски точки, центри од кои некогаш наеднаш и сосема неочекувано, речиси наврапито можат да избијат семантички искри, фрагменти од содржински навестувања, некакви логички дамки што претставуваат влезови во акумулирани впечатоци, согледби, сознанија и искуства на говорителите во текот на социјалниот сообраќај. Оттука и тешкотијата, неизвесноста, па дури и вистински ризик што можат да бидат произведени во процесот на разоткривање на внатрешноста на една лексичка единица. Тоа значи дека секој обид за вербален контакт, за наједноставна комуникација, за обичен пријателски поздрав можат да доведат до шум, да ја заматат комуникацијата, некогаш дури и сосема да ја затемнат. Ваквото искуство од ракувањето со навидум наједноставната комуникативна алатка е одразено во народните изреки, во книжевните искази, секаде онаму каде што се пристапило со доверба кон вербалниот контакт. Така, на пример, ја имаме изреката Добар збор и железна врата отвора, а и во литературата често може да се наиде на укажување на загадочната моќ дури и на наједноставниот, близок, роден збор. Можеби ќе биде доволно ако потсетам на оној прочуен стих од српскиот поет Бранко Миљковиќ, кој гласи: Ме уби пресилен збор, и на неговата разработка од страна на нашиот Атанас Вангелов: Реченицата е пушка, зборовите куршуми. Во повеќе наврати сум потсетувал на моето недоразбирање со еден претставник од третата генерација македонски поети кога бев упрекнат за пораката што тој ја прочитал од насловот на еден мој есеј што гласеше „Сенките на третата генерација“, бидејќи тој во него насетил протест и пркос, додека мојата намера беше само да укажам на сенката што ми се чинеше дека неговата генерација ја фрла врз книгите на моите врсници. Се покажува дека од еден збор воведен во разговор или, уште повеќе, внесен во текст, се шират роеви можности што се отвораат за толкување. Ваквата природа на лексичките единици најчесто разговорот го доведува до друга дестинација од онаа кон која се целело, изневерено е очекувањето за контакт, внатре во зборот лесно може да се заталка поради многубројните крстосници што говорителите ги оддалечуваат од разбирање и од согласност. Од друга страна, пак, во поезијата ваквите својства во комуникацијата се вистински благослов, бидејќи до неверојатен степен го шират дејството на песната, на секој стих, на секоја синтагма и, рековме, на секој збор.

Земаме, на пример, обичен, едноставен исказ, Во пепелникот отпушок. Оставен во амбиент на секојдневна средина, во рамките на навиката и препознавањето, тој останува неподвижен, во него се заледени импулсите за семантичка динамика и ние сме се допреле само до надворешните рабови. Но доколку запреме пред него со попроникliв, љубопитен поглед, наеднаш неговите цврсти ѕидови се разнишуваат, се назира нејасна, но ветувачка длабина, се вестат и еуфониски сигнали и релјефи со примамливи рефлексивни појаси. Сега обичниот исказ како да инсистира да се издвои од разговорот и од текстот во кои е вграден, и така се дофаќа до рамниште на стих, па ние сме наеднаш внесени во потрага по семантичките искри, по можностите што се отвораат од внатрината на двете именки. Се појат прашања и претпоставки. Значи тука се случувало нешто. Некој седел и запалил цигара. Тоа е апсолутно извесно. Но дали едноставно се одморал? Чекал ли некого? Можеби нешто очекувал, имал необврзна, но зошто не и суштински значајна средба? Дали средбата се остварила и каков е резултатот од неа?

Тука запираме, зашто прашањата наидуваат во сè пошироки кругови. Но што ако една од именките се помести во семантичкиот простор и ни се врати со нов облик, а во исказот се придодаде и глагол, па сега сме соочени со нова лексичка низа која гласи:

Во пепелникот догорче чади.

Сега претходните прашања, претпоставки, сомневања и јанѕи добиваат на интензитет, бидејќи појавувањето оган, чад во огромна мера го проширува просторот на можните насетувани сценарија. Тоа значи дека настанот тукушто се одиграл, ние сме налетале речиси на самото дејство, цигарата е одвај допушена, таа е само догорче, оставено, можеби дури и во паника и фрлено во пепелникот. Какви ли настани се случувале тука, пред малку?! Дали претходеле недоразбирања, расправии, разидувања и повреди или стигнала убава, радосна вест и од преголема возбуда се немало време цигарата да се доизгасне во пепелникот? А можеби едноставно пушачот заминал по нешто во соседната просторија и набргу ќе се врати да го изгасне догорчето. Ова се само бегло нафрлени можности за „говорот“ на сликата на која сме наишле, но круговите за нови претпоставки се шират од центарот далеку кон хоризонтот. Ова мноштво сигнали од семантичка природа што ги зрачи и наједноставната лексичка единица уште повеќе нараснува и бабри со секоја нова позиција на зборот што тој ја освојува, или просто од говорителот или од авторот бидува вграден во нов поширок контекст. Овие сигнали се групираат, се вкрстуваат или се поништуваат и на тој начин создаваат поле на интензивно зрачење, област во која љубопитниот дух на слушателот или на читателот може да одбира варијанти, да ги зголемува очекувањата за награда или да ги отфрла почетните впечатоци. Таков е учинокот на еден единствен збор кога го наоѓаме осамен, без дополнително засилување на семантичките бранови од близината на соседна лексичка единица, ситуација што редовно се создава во структурата на синтагма, стих, строфа или цела песна. Во тој случај целиот лексички строеж еманира знаци, сигнали, навестувања на слики, на состојби, на очекувања, надежи, уплави и длабински хоризонти на слични и на одвај насетливи значења, па духот на оној што доброволно, како читател се упатил во таквите емотивни и рефлексивни подрачја еднипати бидува восхитен и награден со исклучително ретко духовно искуство, но другпат, како што и случајно попаднатиот во таквата речева област, останува збунет и настојува што поскоро да се потргне од таквите душевни возмутувања и од нејасните духовни искушенија.

Такво е нашето искуство не само со песната, како сложена и концепциски заснована композиција туку и со најобичната лексичка единица, со таа содржинска раска неодминлива во секојдневната комуникација, за која невнимателно сме уверени дека не содржи никакви емотивни и рефлексивни стапици, амбиси и широко ветувачки, лесно комуникативни, но и тешко разгатливи наноси од најразлична природа.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Веле Смилевски

КУЛА ВАВИЛОНСКА (1)

На Горан Стефановски

Влегуваме со чекор кроток, со чуден спокој,
Во театарот на апсурдот
И го играме животот
Како сопствена придобивка
Како спечалена имовина
Во хаосот на вечната градба.

Врз бездната на темната апокалипса
Некој спомнува правила на игра
Во драмата која не може да започне
Без момент на напнатост.

Просториите на градбата,
Спирална седумкатна гаража со подрум,
Се студени и зинати како прашање
Без конечен одговор.

Ја играме епизодата
На доаѓањето на Господ
Меѓу луѓето, меѓу нас,
За да ни ги измеша јазиците
За никогаш да не се разбереме.

Штиците што живот значат
Се порабени со остатоци од премолчената,
Од некажаното што ни се враќа како одглас
На суфлерот зад темните стебла

Подучи нè, Боже, кажи ни
Како животот да се претвори во театар
За да се спаси од сопствениот хаос
Оти враќање назад нема!

Те прашуваме, о, Боже,
Кој и зошто ја започнал градбата
За никогаш да не заврши?

Кажи ни, Боже, подучи нè,
Пред да биде доцна,
Оти ова е драмата на нашата драма
Во возвишениот лет за поистоветување
Со вистината за летот во место!

КУЛА ВАВИЛОНСКА (2)

„Не знам
и не сакам да знам колку е часот“
Вислава Шимборска: „На кулата
Вавилонска“

Знам дека сказалките на часовникот
Немо го мерат времето додека
Сите сме отаде меѓата на одгласот.

Како во одгласот е *Зошто*
Виножитото на цветот е бодликава *Жица*
Граница во безграничното паѓање.

Има во земањето е *Нема*
Теснатa улица во должината е *Широка*
Жедна устинка на шишето во нашето О.

Кога во одгласот е *Каде*
Жолтото на сонцето во водата е *Модро*
Модро небо над Охрида града!

Заминувањето најверојатно е *Враќање*
Над вечната кула
Зовриен облак од лути гаврани.

Знам: дождовите ќе престанат
Занемени во сувиот облак обесен
Меѓу сказалките на часовникот.

И никој повеќе, додека те слушам
Додека се слушам во самица
Нема да прашува колку е часот.

КУЛА ВАВИЛОНСКА (3)

Универзумот е сè што баравме
Библиотека во која ги препрочитуваме
Основните знаци за sидање на високото
Наспроти хаосот што го нагризува малтерот
И го раслојува светот на букви како згустена магма
Што капе со вкус на сивт
во Единствената Книга
во Отворената Книга
Во благите раце на Боголикиот Библиотекар.

Ја препрочитуваме
Песната за поетите
Кои во пустина од време
Се довикуваат.

Песната за Хомер и Борхес,
застанати еден спроти друг,
А милениуми помеѓу нив.

Ја препознаваат единствено светлината
од другата страна на мракот

и лицето на Другиот.
Хомер го гледа Борхес, Борхес го гледа Хомер.
А нив никој не може да ги види.

Никој не може да ја види
Жарта од која оловна искра
Отсликува небесна светлина
Отворен бунар во галаксии
Што сакаат да бидат песна
За себе и во себе.

КУЛА ВАВИЛОНСКА (4)

Огледала во играта на двојност
Во лавиринтот, во бескрајните ходници
Во потрагата за Другиот.

Што ти требаше да доаѓаш
во земјата Сенарска.
Што ти требаше да сидаш
висока кула до небото.
Што ти требаше да избереш
не добар а зол Бог
кој ти го сплетка јазикот
и те расрска по целата земја?

Прозорците свртени кон сите светски страни
Се гладни соништа со бразди на челата
Од пораки кои удираат остро и како стрели
Се забодуваат отровно, О, Ахиле, Ах, О!

Секој има своја слаба точка
Меѓу склопките на оклопот
Таму каде што Јордан и Еуфрат
Си ги смешале нозете
И останале во густа тиња
Пред да ги заплисне морето.

КУЛА ВАВИЛОНСКА (5)

Душата ни е шестоаголна
Со четворни полици
И книги во движење
Меѓу бескрајот и бесмислата.

Тоа е, велат, Универзумот
Поле за семето што пркнува
Огреано од полна месечина.

Можеби ќе ја минеме
Вратата на небото
И вратата на земјата
Вратата Божја, можеби.

Сонот за големите градови
После Потопот бил само сон
Што го прелистуваме
Како книга.

За утеха
Ја прелистуваме книгата
Која можеби ќе биде напишана
Како книга за сите книги
Како човек од Книгата.

КУЛА ВАВИЛОНСКА (6)

На сцената се појави големиот Соах
И настана Хаос, прочитан подоцна
Како избледнето писмо во одгласот на Потопот.

Ви велам, јас, ви велам
Тоа е одглас од бунарот
Што ја развлекува зборлестата вода
Како жива жица на небото и на земјата
И на сè што е свет под неа.

Божјата Врата лакомо не голта
Во височините или низините, сеедно
И тоа е единственото можно
Доближување до Бога.

Тоа е нашиот дом
Помеѓу небото и земјата.

Во сенката на времето
На куп книги
Седи безбожник.

КУЛА ВАВИЛОНСКА (7)

Нè поплавува
Заумниот јазик на предметите
Неправилно разместени во собата Театар.

Додека се чека последната реплика
Вратата ја подотвора див ветар
И се разлева по подот како свила.

Просторијата се исполнува со кадели чад
Од лулето на Хлебников.

Ја препрочитуваме сета вода од дотеците
Исцедени од златната коса на планината.

Цврстиот сон на плитаците е огледало
Во кое се препознаваат остатоците на светот.

Чувствуваме како невидлива рака
Нè удира по рамото.

Нашиот поглед назад
Нè соочува со насипот
Од кој ни мавтаат деца.

Водата ромори
Еднолично и досадно
Исцедувајќи се до капка
Во благите повои
На прочитаното.

Во нас е сета тежина на водата
Која зборува.

Опоменува.



Студија

821.163.3-1(049.3)

ВЕЧНАТА АЛХЕМИЈА НА ПОЕТСКАТА РЕЧ

(КОН КНИГАТА „ТАЈНО ЗЛАТО“, ВИДЕНА НИЗ ЈУНГОВСКА ПЕРСПЕКТИВА)

ПО ПОВОД 90 ГОДИНИ ЖИВОТ НА ВЛАДА УРОШЕВИЌ

Сузана В. Спасовска

Не е познато точно од кога хронолошки датира поимот алхемија, но се смета дека таа е толку древна наука колку што се древни и египетските папируси во кои може да се најде сведоштвото за неа. Алхемијата како мистична наука и знаење за тајните на постоењето, чија цел е да стигне до каменот на мудроста, претставува спознавачки и самоспознавачки процес, затоа што човекот алхемичар не е сведок само на преобразбата на материјата и околината околу него туку во тој процес на трансформација е засегнат и самиот. Претрпувајќи разни промени, како и металите и материјалите во неговата лабораторија, низ тие степени на рафинирање, доживува преобразба и кристализација на својата сушност, небаре горски кристал низ кој се прекршува светлината во разни бои. Секако, не е мал бројот на алхемиски прирачници во кои покрај познавањето на металите и основните елементи на постоењето (оган, вода, земја и воздух) се смета за важна и потребна и психичката подготовка на алхемичарот за алхемискиот потфат.

Да се навратиме сега на насловот на книгата *Тајно злато*. Се подразбира дека главната цел на алхемичарите била преку одредени процедури од олово да направат злато, односно од неблагородниот метал да се добие благороден метал. Колку и да е оваа постапка придружена со хемиски реакции, сепак многу повеќе внимание овде се посветува на симболичката трансформација на самиот алхемичар, кој се подложува на одредени прочистувачки ритуали пред изведбата на целиот процес, така што постапката би се случувала истовремено – не само надворешно – во реакцијата меѓу елементите, туку и внатрешно – во свеста на алхемичарот.

За подетален увид во психичките процеси на алхемијата, ќе се послужиме со книгата *Психологија и алхемија* од Карл Густав Јунг, и тоа особено во третото поглавје „Претставите на спасението во алхемијата“, кое во својот поднаслов е означено како „Прилог кон идејната историја на алхемијата“ и кое е поделено на неколку потпоглавја – *Основни поими на алхемијата, Психичкиот карактер на алхемиското дело, Делото* и *Materia prima.* Она што е клучно во воведот на тоа поглавје, а значајно за нашиот текст, е тоа што Јунг не се занимава со самите почетоци на алхемијата туку со оној момент во нејзиниот историјат кога во текот на 18 век алхемијата исчезнува од видикот бидејќи, како што истакнува Јунг, начинот на нејзиното дејствување – „Мрачното на мрачниот, непознатото на непознатиот“ се конфронтирал со духот на просветителството, а особено со раѓањето на хемијата како наука кон крајот на 18 век. Сепак, нејзиниот внатрешен распад започнал претходно, еден век порано кога многу алхемичари почнуваат да ги напуштаат алхемиските лаборатории, посветувајќи се исклучиво на (херметичката) филозофија. Токму тогаш, смета Јунг, хемичарот се одделува од *херметичарот.* Тогаш хемијата станува природна наука, додека херметиката, без искуствената подлога, заталкува во шумата на кичести и несодржински алегории, само со сеќавањата на добрите времиња кога „алхемичаревиот дух сè уште навистина се носел со проблемите на материјата, кога истражувачката свест стоела наспроти мрачниот простор на непознатото, верувајќи дека во него гледа ликови и закони кои, меѓутоа, не потекнуваат од материјата туку од душата“ (Jung, 1984: 238). Непознатото и празното бидуваат исполнети со психолошка проекција. Токму овој израз – психолошка проекција – дава можност да се изнесат несвесните или потсвесни даденост, кои индивидуата ги проектира во самата материја. Но тоа важи за класичната алхемија во која природонаучното искуство и мистичката филозофија сè уште се неразлачни/неодвоиви. Тој процес на одделување се случува кон крајот на 16 век кога телесното се одвојува од мистичкото, при што се поврзува со значително фантастичниот книжевен вид, во кој авторите стануваат донекаде свесни за душевната природа на алхемиската постапка на преобразбата. Од тој момент, се чини алхемијата како спознавачки процес се префрлува на полето на книжевноста, засекогаш напуштајќи ги темните и прашливи лаборатории, врзувајќи се за душевниот развој и фантастичната симболика. (...)

За крајот на овој преглед од Јунговите гледишта ќе го наведеме и мислењето дека иако задачата што алхемијата си ја поставува е да стигне до тешко достижната скапоценост или во облик на материјално злато или како сеопшт лек или тинктура што сè преобразува и видливо да ја прикаже, сепак практичната хемиска активност не е само тоа. Таа, како што кажавме, е и психичка активност, која ги изразува несвесните содржини на вршителот на експериментот, така што најдобро тоа може да се спореди со творечка имагинација. Она што со таа метода творечки може да се досегне доаѓа до израз во соништата. „Обата облика на процесот кој од несвесното зафаќа во свеста се толку сродни со алхемистичките гледишта што со право може да се претпостави дека кај алхемиската постапка се работи за исти или барем мошне слични случувања како што се оние во творечката имагинација и соништата, што во крајна црта го означува процесот на индивидуација“ (Jung, 1984: 356), заклучува Јунг. Ете тука со право можеме да кажеме дека од алхемистичката посветеност на Урошевиќ се појавила неговата преокупација со соништата и раскошната сликовитост во неговата поезија, иако хронолошки сликите од соништата се појавуваат речиси од самиот почеток на неговото творештво, што изразита форма добива во стихозбирката наречена *Хипнополис*. На овој начин фрливме мала светлина кон односот помеѓу алхемијата и психологијата, видена низ ракурсот на Јунг, но тоа не значи дека сме ја исцрпиле темата што е засегната во *Тајно злато*. (...)

За да биде воведот соодветен, првата или воведна песна во книгата *Тајно злато* е насловена „Алхемичар“ во која авторот го дава профилот на алхемичарот низ вековите – илјада години е стара алхемиската работа, во која алхемичарот бдее над процесите и чека да се случи преобразбата, додека времето во клепсидрата тече, исто како и човековиот живот. На зајдисонце почнува со работа, задлабочен во хемиските и

астролошките пресметки „ниту промашува ниту наоѓа“. Сепак, тој е упатен на невидливите сили на кои им покажува пат да се изразат, „нероденото кон раѓање го води“ (Урошевиќ, 2016: 9). Во таа навидум бесполезна работа, алхемичарот треба да е постојано предаден на идејата за совршенство – „од нечистото помага чистото да се роди“ (Урошевиќ, 2016: 9) додека ги лекува минералите од несовршеност. Тој ги согледува аномалиите на светот соочен со вечните промени на материјата и е убеден дека ќе надвладее светот на идеите, кои му се јавуваат насоне. Таа прекогниција и поврзаност со царството на сонот е толку доминантно во творештвото на Урошевиќ, што интуитивноста, претчувството, сонот се клучни одлики на неговата имагинативност. Она што е важно за секој алхемичар, а оттука и за секој книжевен алхемичар, е спојот или единството помеѓу спротивностите, или како што убаво вели стихот „го натерува небесното да соработува со земното“ (Урошевиќ, 2016: 10), но истовремено и го одделува штетното од корисното, болното од здравото: „Го одделува светлото зрно од темното“ (Урошевиќ, 2016: 10). Крајниот катрен ни го дава најчестиот фатален крај на алхемичарот низ вековите – или завршувал на клада, затоа што според црковните догми се занимавал со нечестивите сили, или во лудница, фрлен небаре во затвор во самечка ќелија, неразбран од никого. Може да е тоа резултат на моментот што алхемичарот е сам во оваа работа, односно трага по својата soror mystica (според јунговската определба) или мистичната сестра или белата жена (the femina alba), која го претставува симболот на месечината или женскиот принцип како клучен во алхемичарските процеси. Сепак на крајот од песната, целта е постигната – од неблагородните метали е добиен благородниот метал – златото. Она што е важно за алхемичарот е трпението (битна карта и во таротот) бидејќи како што и неговата свест доживува зрелост во своето сфаќање на светот и космичкиот поредок, така истовремено и металите стигнуваат до својата зрелост и преминуваат во својата повисока форма. Во неговата реторта така узрева и златото.

По шесте необични илустрации следува поетскиот циклус „Петте сочувани таблици“ што неминовно ни алудира на Смарагдните таблички на Хермес-Тот, насловени со латински називи „Theatrum Chemicum“, „De arte alchimica“, „Misterium coniunctionis“, потоа имаме еден македонски наслов „Преобразбите на кралицата“ и последниот „Initiatio aliquem mysteriis“. Да видиме каква порака кријат овие песни. Заедничко за сите овие 5 песни таблици е тоа што сите се напишани во 12 катрени, колку што има зодијачки знаци и овде веќе стапуваат во игра карактеристичните ликови и симболи од тарот-картите. Може да се каже дека во секој од овие катрени е прикажана една алхемиска поетска слика со веќе препознатливите протагонисти, при што песната навистина потсетува на еден театар или хемиски театар, како што е наречена првата песна таблица. (...)

И пред да преминеме на четирите алхемиски животни и елементи, да ја видиме уште шестата (изгубена а) сепак пронајдена таблица, „Прогонета книга“. Тоа е песна за забранетата книга, односно за таинствен херметички спис, кој бидува откриен од кралот и кралицата во визбата од палатата, а скриен во најтемниот агол. По прогонетата книга била распишана потрага за да се заплени, додека за корисниците била изречена казна. Награда пак следувала за кодошите, кои ја претставувале како книга на злото. Кралот и кралицата ја скриваат книгата во градината во шупливо стебло, но без успех – ја наоѓаат клукајдрвците, кои ги отчукуваат нејзините букви, при што пораките патуваат скришно, низ улиците и преку дрвјата, допираат до децата, кои несвесно ги кажуваат така што авторот вели дека „тајното знаење останува сепак спасено“ (Урошевиќ, 2016: 67). Друг начин на ширење на тајното знаење е нејзиното читање покрај реките од страна на кралот и кралицата, така што пораките патуваат кон морето и островите. Но тоа дисперзирање не успева да го спречи дури ни војската, која поставува заседи. Алхемиската книга е ставена во употреба. Кралот и кралицата се преправаат во Сонце и Месечина така што алхемиската претстава може да започне. На нивна страна се планетите и металите, додека судиите одбиваат да им судат. Кралот и кралицата не ја кријат веќе забранетата книга. Во неа далечни кралства ја препознаваат заборавената тајна. Сфаќајќи ја грешката, почнуваат да се ослободуваат невините затвореници. Толку е ослободена вистината, што слободно испарува од отворените лабораториски посатки и се меша со воздухот и облаците и „со дождот, низ коренот на лозата, преминува во вината“ (Урошевиќ, 2016: 71). Кралот и кралицата си ја исполниле својата мисија – да го предадат знаењето од забранетата книга на сè наоколу што постои – ги снемува од животната сцена. Дали со себе ја понеле тајната за преминот од материја во дух, може само да се претпоставува. (...)

За на крајот од анализата на оваа чудесна книга, ни остануваат четирите песни за алхемиските животни, како и за четирите елементи. Се претпоставува дека секое од животните одговара на еден елемент и всушност, како што обично бидува, секоја песна претставува збиен, згуснат концизен опис на тема за која во научната литература би можеле да се напишат недоброени страници. Доколку се сака вовед во основите на алхемиското учење преку неговите клучни симболи и дејства, оваа книга на Урошевиќ е совршен пример за тоа. (...)

И конечно стигнавме до завршната песна насловена „Александриска библиотека“ во која авторот нè враќа на почетоците и потеклото на ова таинствено учење и знаење, кое своите корени ги влече од Египет, а било зачувано во Александриската библиотека. Поетот во песната го опишува моментот на спалување на списите во библиотеката, на полноќ додека морето посивува од пепелта. Историски не знам дали е ова првото спалување на списи/ракописи/книги на клада, како забрана на недозволеното знаење и ова е впрочем, моментот кога алхемиското учење се повлекува на маргините, бидејќи, како што убаво вели и авторот, оној момент кога списите на учените паѓаат в раце на неразумници, целата алхемиска доктрина паѓа во вода, бидејќи толпата ниту го знае, ниту го разбира нивното значење, што се навестува во стихот: „Егзархот наредува да се уништи тајната лабораторија“ (Урошевиќ, 2016: 105). И додека се руши Вавилонската кула, која претставува симбол за потеклото на различните јазици, а таа различност се јавила како резултат на чинот против богохулењето (имено, говорителите се разбирале меѓу себе на еден заеднички јазик, но кога решиле да градат кула до небото, тоа било сфатено како дрскост и било спречено на тој начин што Божјата интервенција предизвикала недоразбирање меѓу луѓето, односно неслога), сепак умножувањето на скриеното, тајно или темно знаење продолжува преку ноќната печатница „печатејќи темни книги со букви од фосфор“ (Урошевиќ, 2016: 105). Знаењето што од темните страници одблеснувало можеби самото ги довикувало и препознавало своите нови заинтересирани практиканти, со своето радијантно зрачење. Еден податок споменат во песната само нè освестува дека печатењето постоело и пред појавата на Гутемберг, што значи дека човековата цивилизација ретко кога останувала без светлото на знаењето. (...)

И како заклучок, можеме да кажеме дека ова е необична книга, книга загатка, едно посебно библиофилско издание што ретко се сретнува на овие простори. Илустрациите се само показ на фантастичниот свет на алхемичарите. Голем дел од нив кријат тајни кои им се познати само на малкумина воведени во алхемичарската вештина и знаење. Но за откривање на тајната на постоењето никогаш не е доцна. Оваа книга на Урошевиќ е не само сведок на таа тајна туку и придружник во нејзиното откривање. Алхемискиот процес само што започна.

(текстот е извадок од поголема студија)



Студија

821.163.3-93-34(049.3)

МИТОТ И СКАЗНАТА КАКО ОСНОВА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ДЕЛАТА ОД РАНАТА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА

Сузана Мицева

Сказната како посебен жанр во фолклорот е поврзана со митот. Мелетински смета дека не постои сомневање за генетската поврзаност на сказната и митот, односно дека митот може да се смета за татко на сказната. „Семнатиката на сказната може да се интерпретира само ако се тргне од митолошките извори" (Мелетински, 2019). Митовите најчесто се однесувале на приказни за создавање на светот, односно приказни што раскажуваат и објаснуваат големиот Почеток. Човекот отсекогаш се обидувал да си го објасни она што збунувало, застрашувало, што му било непознато и далечно. Усното пренесување на таквите приказни е старо колку што е стар и говорот и во себе ги содржи трагите на цивилизациските промени и културното оформување на човекот. Леви-Строс вели дека главната вредност на митовите е во тоа што ги имаат пренесено до наше време, во фрагментарна форма, начините на посматрање и на размислување што биле (и сè уште се) наполно приспособени за правење откритија од одреден тип. Проп ја нарекува сказната народна приказна во која се преплетуваат реалното и нереалното. Надраснувајќи го митот, сказната ги оживува вековите на предците што се обидувале да го објаснат животот, светот и своето место во него. Сказната е сведоштво за културниот развој на народот, во својата срж ги меморила сите човечки подеми и падови.

Врските помеѓу фолклорот и уметничката литература долги децении се предмет на интерес на книжевната наука тука, но и пошироко, во светот. Во Македонија, уште по Втората светска војна почнати се првите обиди за пишување и истражување на оваа тема. Сказната се распознава во творештвото на повеќе македонски писатели. Некои од раните дела на македонската литература за деца ја имаат директната поврзаност со сказната. Такви се „Сказна за детето Вилен" на Глигор Поповски и „Сказна за шеќерното дете" на Славко Јаневски.

Александар Поповски нагласува дека сказновидните прозни дела во македонската литература за деца се „напоени" од фолклорните извори. „Пристегнат од недобрини излодоби, нашиот народ често се обраќал кон непостојното, надјуначното, фантастичното, претскажувачкото, на тој начин соколејќи се, крепејќи се, во опстојувањето до денот кога ќе му се засветли, кога ќе ја снема црнината. Создал убави приказни и ликови што беа неверојатно подобна лулка за денешното фантастично, сказновидно" (Поповски, 1984:47). Токму на ова се надоврзува и неговото видување на делото „Сказна за детето Вилен", кое, според кажувањата на авторот, „е создадено врз основа на едно народно кажување, според кое оној што ќе помине под лакот на суницата, оној што ќе се напие вода од каде пие и таа, може да оствари многу свои желби..." (Поповски, 1984: 167-168). Иако ова дело на прв поглед изгледа дека е изградено врз елементите на сказната, сепак, постојат и многу реалистични моменти преку кои се извршува т.н. наравоучение насочено кон читателот, т.е. детето. Вилен е претставено како обично селско момче, но Идризовиќ (Идризовиќ, 1988: 113,114) вели дека тој има моќ да ги надмине опонентите на човекот и доброто. Сказната почнува со опис на селото што географски е недетерминирано. Писателот вели дека „приказната не памети како се викало селото. Се распрашував насекаде, го слушав шепотот и на другите приказни, барав по стари книги и записи... селото имаше триесетина куќи и беше сместено на благите падини на Зелена Планина[1]". Со овие реченици писателот упатува кон „вистината" дека станува збор за некое измислено, бајковито место чие име се бара во приказните. За да им се доближи до фантазијата на децата, Поповски објаснува дека станува збор за планинско село на Зелена Планина, што пак наведува дека планината изобилува со бујна, зелена вегетација. Сепак, Саздов вели дека во сказните постојат два вида пејзажи, а малку се присутни пејзажите како слики од природата. „Почести се т.н. динамични пејзажи кои развиваат дејство и ги појаснуваат случките и настаните, и во кои природата не останува декоративна рамка на дејството, туку како активна сила, што се вплетува во раскажувањето" (Саздов,1997: 172). Таков пример користи и Поповски во „Сказна за детето Вилен" при раскажувањето на приказната за Големата Река од дедо Сезнаел. „Најпосле дождот престанал, облакот се распукал, а суницата, како некој шарен дијамантски ѓердан, се истегнала преку облаците и се спуштила во Големата Река. Го забуцала својот лак крај една карпа, на стотина метри од човекот. Тој зарадуван се стрчал, скокнал на карпата што била малку внатре во реката и се наведнал да пие вода" (Поповски, 2022: 10). Освен како динамичен пејзаж, виножитото што пие вода во оваа сказна игра улога и на волшебен предмет, бидејќи ќе му се исполнат сите желби, ќе му се случи чудо на оној што пие вода од реката истовремено со виножитото.

Во „Сказна за Вилен" ги забележуваме и ликовите што се во актантна позиција, според моделот на Грејмас. Ако ја разгледаме актантната улога на помошник во оваа сказна, најпрво тоа е дедо Сезнаел, кој му ја открива приказната за Големата Река на Вилен, и тајната како да дојде до чудотворно исполнување на желбите. Понатаму, виножитото може да се смета и за волшебен предмет или објект, но и за противник, бидејќи тоа што Вилен не можел да го најде местото каде што виножитото пие од реката е пречка за да му се исполни желбата. Втор објект кон кој се стреми Вилен е богатството, тоа е примарната цел на неговото патување. Противник во Сказната е и лошиот Баул кој го заробува Вилен и го спречува да стигне до својата цел. Понатаму, помошник е рибарот, кој е реален лик, обичен човек со нормално занимање-рибар. Тој го негува Вилен, го поучува и му помага да се врати кај своето семејство.

1 Глигор Поповски, Сказна за детето Вилен, стр. 6

Наспроти поларизираната поделба на Добро и Зло, Поповски во „Сказна за детето Вилен“ триумфира со една мошне реалистична поука – дека за остварување на желбите не се потребни волшебни виножита и чуда, туку труд, посветеност и истрајност. Тоа го сфаќа Вилен во текот на двете години што ги поминал кај рибарот и кога се вратил во своето село, стекнува голема почит од блиските и соселаните.

И писателот Славко Јаневски ја користи „матрицата на народната сказна со многу контаминации од европската уметничка и народна сказна“ (Денкова, 2011: 142). Токму мотивот од старите бајки е оживеан и во „Сказна за шеќерното дете“. Сказната на Јаневски има типичен почеток како народната: „Пред сто, или уште толку и повеќе години, во градот Негобило живеел, а можеби и не живеел, слаткарот Марко“ (Јаневски, 1967:3). Како и во примерот на Поповски, и Славко Јаневски се држи до временската и географска недетерминираност на дејството во сказната. Со тоа тој навестува дека настаните за кои раскажува можеле, но и не морале да се случат, односно дека се поблиску до фикцијата отколку до реалноста. Иако, не прецизира дали Марко живеел во Негобило, тој несомнено е посочен како творец и татко на шеќерното дете, според италијанскиот пример на Џепето, кој од парче дрво издлаби дете. Сказната за шеќерното дете се смета за македонски Пинокио[2] и раскажува за митолошкото оживување на детето во рацете на слаткарот Марко. Македонскиот Пинокио е истовремено и „еден симбол – на добрината, слободата, правината, упорноста и вербата во својата животна определеност“ (Друговац, 1996: 148). Она што ги прави ликовите од сказните „Пинокио“ и „Шеќерна приказна“ толку привлечни за читателите, според Мојсова-Чепишевска е токму нивната сличност со обичното дете. „Најконтроверзниот лик во македонската литература за деца е само дете направено од шеќер, но со сите човечки мани, како и оние на Пинокио“ (М.Чепишевска, 2012). Сказновидното се наѕира и во вториот расказ, „Лакомото глувче и првата прошетка на шеќерното дете“ каде се опишува оживувањето на детето и улогата на глувчето поттикнувач за напуштањето на домот. „Сивото глувче со долго опавче и весели очиња, почнало да трча околу детето и да испитува од каде да почне со вечерата... кога се доближило до белиот палец се тргнало исплашено и се превртело на грб. Палецот малку се помрднал, потоа ногата на шеќерното дете претпазливо се повлекла назад... Шеќерното дете оживувало: ги протрило крупните очи и се протегнало. И, како глувчето да не е тука пред него, вешто скокнало од масата и излегло од дуќанот“ (Јаневски, 1967:7-8). Намерата на глувчето да вечера нешто ново во дуќанот на слаткарот Марко не се остварува, но лижнувањето станува причина шеќерното дете да се „разбуди“ и да тргне во авантурите во шумата, во земјата на бубалките... Како и во народната сказна, животните, потоците можат да зборуваат, да пеат и имаат човечки особини. Покрај своите авантури, шеќерното дете ќе ја исполни и улогата на јунак, по примерот на народната сказна. Животните бараат тој да им помогне да се ослободи славејот од арамиите, а шеќерното дете, со детска наивност се согласува и прашува како да го направи јуначкиот подвиг. „Идејата – да се прашаат бубалките е придвижничка, бидејќи така ќе почне она познато барање на средството што ќе ја разреши несреќата и што функционира во секоја сказна“ (Денкова, 2011). Барајќи го одговорот на загатката, како да се најде и ослободи славејот, писателот користи уште елементи од сказната. „Јаневски го гради својот текст за шеќерното дете врз парадигмата на жанрот фантастика, за којашто е карактеристична колебливоста, а тоа го постигнува со доследна примена на негацијата, што е видливо од опозицијата знам: не знам“ (Димова, 2012).

Штурчето, пчелката и свилената буба се држат само до своите вештини, без да откријат дали знаат нешто за славејот. Во нивите одговори се наѕира стравот од посилниот, страв дека може и ним да им се случи истото, па дури се преправаат дека не го разбираат прашањето на шеќерното дете. „Јас знам да свирам навиолина... друго не знам“ – ќе рече штурецот. „Јас знам да правам мед. Друго не знам“ – одговара пчелката. „Јас знам да ткаам свила. Друго не знам“, вели свилената буба. По примерот на народните приказни, ликот на арамијата Црна Шубара е искористен за патувачко средство, бидејќи тој ќе го пренесе шеќерното дете во својот џеб. Намерите на Црна Шубара не се чесни. Тој сака да го земе волшебниот предмет – ламбата од волшебникот Тарара и затоа му е потребно шеќерното дете, кое пак, држејќи се до етичките принципи, одбива да ја украде ламбата. Црна Шубара како вешт измамник се преправа дека е сиромашен татко чии деца седат во темница, па го прелажува шеќерното дете да влезе во црната крепост за да ја зеде старата ламба. Со тоа шеќерното дете се искористува како средство за постигнување цел. Волшебникот кој една минута е добар а една минута лош ќе збесне на обидот на Црна Шубара да го надмудри, па го казнува претворајќи го во најразлични нешта. „Црна Шубара се здрвил; на мустаќите му виснале мразулци, лицето му се смрзнало. Потем Тарара беснеел, го правел арамијата и сув дрво и скршена тула, и верверички опаш. Но, лошиот минут брзо прошол и Тарара станал пак добар“ (Јаневски, 1967). Волшебникот ни ја претставува и вечната борба за превласт на доброто над злото, но и потсетува дека секој човек постојано се соочува со своите добри и лоши страни. Токму Црна Шубара ќе ја открие и како да се совладат шумските арамии и да се ослободи славејот. Шеќерното дете со помош на шумските жители ископало длабока јама во која се фатиле волкот, лисицата и мечката, а потоа го ослободиле славејот од пештерата. Ослободувањето на славејот означува и постигнување на целта, воспоставување баланс во шумата и повторно враќање на песната и веселиот амбиент. Овојат пеат сите, дури и буковата пенушка. И кога задачата на шеќерното дете е исполнета, тоа одлучува да се врати во градот Негобило, онаму каде сè почна, за да продолжи да учи. Шеќерното дете навестува дека ќе живее како и секое друго дете, кое е подготвено да се образува и да ги следи советите на возрасните. Овие реалистични моменти на авторската бајка всушност ја носат и поуката на авторот дека детството е време на наивност и незнаење, време на игривост и авантури, но и време на учење и почитување на постарите.

2 Сима Цуциќ во Летопис Матице српске. – Нови Сад: II фебруар 1955, 191

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Денкова, Ј., 2011, Книжевност за деца, Универзитет Гоце Делчев, Штип, стр. 142

Димова, В., 2012, Естетика на комуникација и литература за деца, Македонска реч, Скопје

Друговац, М., 1996, Македонска книжевност за деца и младина, Детска радост, Скопје

Идризовиќ, М., 1988, Глигор Поповски, Македонската литература за деца, Наша книга, Скопје, стр. 113, 114


Јаневски. С., 1967, Шеќерна приказна, Македонска книга и Детска радост, Скопје

Китанов, Б., 1995, Импресии и погледи, Скопје, Глобус, стр 175

Поповски, А., 1984. Сказната и расказот во македонската литература за деца,Современост, Скопје, бр.9, стр.47, 167-168

Саздов, Т., 1999, Народната поетика-постојана инспирација и на македонските писатели на XX век, МАНУ, Скопје, 35

Чепишевска, М. В., 2012, Пинокио и Шеќерното дете, Годишен зборник, Филолошки факултет, УГД, Штип



Студија

821.113.6-1(049.3)

ПОЕТСКО ПАТУВАЊЕ ПО ТРАГИТЕ НА СВЕТЛИНАТА

(ЗА ПОЕЗИЈАТА НА БЕНГТ БЕРГ)

СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА, 2024

Ивица Челиковиќ

Една можност да се испишуваат зборови е кога човек ги слуша во себе, како нешто кревко на што треба да се внимава и да се заштити. Зборот како поетско искуство, и како доживување на светот, како контекст и присуство. Онака како што низ шведската поетска традиција се случува понирање и доближување кон човечкиот сон и кон допирот со природата, нешто што се исчитува како комплексно расположение изразено со само неколку едноставни мисли и реченици. „...Во првите часови од денот,/ свеста може да го прегрне светот/ како рака која фаќа камен на сонце загреан“, вели во една своја песна големиот шведски поет Томас Транстремер, добитник на „Златниот венец“ на Струшките вечери на поезијата во 2003 година.

Осветлениот, загреан збор, што „се слизнува како тивка комета“, да се послужиме со уште една прекрасна метафора на Транстремер, ги избира, и се движи низ сите можни и неможни насоки во богатиот творечки опус на Бенгт Берг, еден од најзначајните современи шведски поети.

Тематскиот круг во поезијата на Бенгт Берг најчесто е закотвен во локалната, рурална појдовна точка, што постојано пулсира кон универзални значења и продолжува да ја запазува својата автентичност и преку впечатливите поетови откривачки патувања низ светот. Всушност, меѓу координатите на еден специфичен поетски свет, осознаен низ проткајувањето на меланхолични тонови и хуморни и сатирични пасажи. Поетски свет во кој се штити моќта и важноста на малиот човек и кој покажува патишта низ прекрасните и зачудувачки димензии на постоењето.

Бенгт Берг е шведски поет и естраден уметник, роден 1946 година во Торсби, Шведска. По завршувањето на средното образование во Торсби, Берг студирал на повеќе универзитети во Шведска и магистрирал филозофија со теми од литературата, историјата, скандинавските јазици и социјалната антропологија, а дипломирал и за професор. Работел како новинар од областа на културата и како преведувач. Бил пратеник во шведскиот п парламент – Риксдаг (2010 – 2014) од редовите на Левата партија.

Бенгт Берг дебитирал во 1974 година со поетската збирка „Кај што сонот завршува“ и досега објавил повеќе од 40 книги. Повеќето од неговите дела се поезија, а на неколку работел заедно со повеќе уметници и фотографи. Поезијата на Бенгт Берг е препеана на скандинавските јазици. како и на: англиски, германски, холандски, грчки, шпански, турски, полски, руски, латвиски и хинди. Добитник е на многу награди и грантови, меѓу другите и од страна на Шведската академија и на културните институции од скандинавските земји.

Меланхолијата и сериозноста секако претставуваат белег и препознатлива атмосфера во неговото богато лирско творештво, но Бенгт Берг е исто така еден од најистакнатите посредници на расположенијата што пулсираат во неговиот роднокраен Вермланд (област во западниот дел на средна Шведска), на радоста на живеењето и на достоинството. Како писател и личност Берг значеше многу за консолидирањето и зајакнувањето на позитивната слика за Вермланд и луѓето вкоренети во неговата природа, зеленилото, дивечот, езерата и шумските патеки. Нема никакво сомневање, сметаат многумина, дека без Бенгт Берг, Вермланд ќе беше многу поздодевен. И мошне помалку забележан.

Бенгт Берг се појави на шведската литературна сцена пред половина век. Веќе тогош во неговите стихови се исчитуваше локалната северно-вермландска сосредоточеност, но, сепак, преку една глобална перспектива, нешто што би можело да се рече дека силно го означуваше неговиот поетски ракурс сè до почетокот на 1990-те години. Ретко населените подрачја, и луѓето, се во опсегот на

творечките опсервации на Берг. Веројатно може да се каже дека неговата поезија ги влече своите корени од 1960-тите години и дека дебатата што се водела тогаш била решавачка за насоките во неговата размисла. Иако, се чини, дека во крајна линија не се наметнува доминантен впечаток оти без политичките становишта од тој период не би можел да се заокружи неговиот светоглед – за состојбите во светот околу кои поетот тешко може да остане рамнодушен, забележувајќи ги само попатно:

Копчето на кошулата е потребно, есента
е тука, како и Авганистан и
сосема други гледни точки.
Стапалата се тие
што ги одредуваат нашите видни полиња.

Творечкиот исчекор на Берг, постојано кон нови сфери на поетскиот израз, каде што едноставните, безгранични зборови добиваат поголема тежина од оние високопарни, очекувано поетски, добива посебни магиско-ритуални димензии. Големите настани се гледаат преку малите детали, индивидуата, секојдневието е мерило за сè.

Песните на Бенгт Берг можат да прозвучат со речиси целосна вина, исконска состојба на невиност, во огледалото на моментот да ни дадат еден вид идилична слика, често обоена со лут хумор – потоа подмолно да ја преиспитаат со тоа што ја оптоваруваат со некои разјаснувачки линии на необјаснива, но во многу точки непосредно допрена и почувствувана тага, последен критички поглед со аголот на окото пред да заврши песната:

Треба да го наместам креветот, но веќе е наместен,
а да се чешам на местата кај што вчера ме искасале комарци
нема да реши никаков проблем, но можеби едноставно
би требало да донесам одлука дека песната
си го фаќа својот пат – како црно синотрепкачко
бубаче и низ ова утро започнатата
стварност со отворен кујнски прозорец
што ја пушта свежината слободно да струи?


Светот протекува, топлината меѓу луѓето протекува, истекува ситно, или тече надвор. Што вреди животот? Прашање што редовно се враќа кон нас, и кон самиот живот. Од што се состои материјалот за затнување кога низ пукнатините дува студено? Дали тоа, парадоксално, можеме да го почувствуваме, барем малку за почеток и сè повеќе кон крајот, кон замисленият и секогаш нејасен крај, како предуслов за продирање на светлината. И гласови, секакви, не само човечки, онаму каде што звона, можеби имагинарни, бијат. Можеби како што познатата шведска поетеса Катарина Фростенсон укажува, дека во текстот гласот е еднаков со смртта. Припаѓа на друг свет. Но секој пат кога ги читаме текстот гласно, тој се буди и оживува. Како во стиховите на Берг, онаму каде што напишаното, испеаното, не е оставено за да биде гробница на гласот, туку, токму напротив, негово постојано враќање кон откриените и непознати патеки на животот:

што може да биде задоволство
за повеќемина отколку само
за тебе –

Или уште еден ден што го превртува
светотот горе-долу
кога одеднаш сфаќаш
дека спиеш со сонцето
под креветот, дека
ти самиот си сопствена сенка
кога земјата самата се затемнува

Иако е забележливо дека Бенгт Берг во исто време комбинира одличен социјален патос со прилично очигледна солидарност со ранливите во општеството и во светот, тој не се ограничува да експериментира со концизно пишување, и навидум едноставно. Но неговите песни секогаш треба да се читаат бавно и промислено, бидејќи меѓу редовите се случуваат неочекуваните и големи, експлозивни проблесоци. Животно-филозофски резон кој во јазикот ја бара и ја наоѓа својата сигурност и длабочина од која непомирливо извира, делумно оштетен, но никогаш лишен од својата исцелителна моќ, па дури и ако е трескавично фатен на тенката површина меѓу спомените и заборавените мигови.

Бенгт Берг не го толкува светот и мигот околу него во страшна и деструктивна тишина, туку преку тивкоста на зборот што никогаш не ја губи силата да создава, и кој не е само медиум во кој се открива случаен знак на животот. Во поезијата убавината се искажува со она што исчезнува, но и со она во што се насетува времето, и се проткајува со точката во просторот во која се случува чудесното преобразување. Поетски збор што опстојува – во надеж.





Поезија

821.113.6-1

ПЕСНИ

Бенгт Берг

ЛЕТО, ТОЧКИ

Лето како јазичен курс: само
треба да се имитираат брезови свиркачи

Лето како тема за разговор:
само треба да се слушне времето

Лето како доцнење на воз:
само треба да се чека - наскоро
ќе биде есен!
Есен како споменар:
фотографии од брезова кора,

роеви комарци и кануи
низ реката,
нерамни површини под големите
мирни дрва. Лето како ранец,
лето како струење на ветрец крај
скиселено езеро,
лето
како велосипедска гума и ауспух, лето
како лето, виолинска музика на компјутер, лето
како каса во самопослуга сенф сок
и промисленост
лето како испитување
и шлагер, како зимски сон, туристички бојкот,
лето како мека перница, треперење на сончеви зраци
околу рибарска мрежа што се фрла во водата,
лето
како летна песна, стихови за доцно лето,

лето како јазичен курс: само
треба да се отвори клунот -

О, земјо од неизлечива сопственост,
компромиси и нарушена благостојба,
со дислоцирана власт
и понизност

Лето на пат низ сопственото срце
Ветерот ги кине кошулите

Време е во годината
кога метереолозите добиваат се поголемо влијание
врз нашите утрешни визии

Страшна бучава во птичјите куќарки,
горе меѓу круните на дрвата
клукајдрвецот ја демонстрира
својата ефикасна камуфлажа

Време е за квечерински рефлексии
– и корита со дождовница, роеви комарци
и непотопливи влечења на штуките - само доколку
би имало такви!

Домашното јадење е подгреано на плин,
пивата речиси млаки: шатор за двајца
и нескафе, гранчиња ариш свиени
долу до синчеците. Наежени деца на час по пливање
до водата од шеснаесет степени

Секое лето веројатно има свој сопствен хлорофил
– повеќе смола за гудалото!

Додека на едно друго патување
низ цела Шведска, право низ
зеленото летно сонце: луѓе
на пероните, насмевнати лица
зад неизмиените прозорци на купеата

Овде-онде здробена внатрешност,
но мнозинството: цело и чисто, површина
што не се дава!

Со километри долгиот камен sид крај насипот
не следи упорно како хоризонтот, но без име
и година
Езерата умираат толку бавно
за властодршците да стигнат само до следниот чекор
со своите истражувачки резултати и мерки што би требало
да се спроведат доколку –

Големото зеленило се крева
Залудно

11/11

Ноемвриска магла е крај прозорецот,
виолетово болскотливите круни на брезите
се покриени со водени капки
на кои заедничко им е тоа
што одбиваат да паднат – но
ќе паднат, токму
како и сите ние порано или подоцна.
Ги исполнуваме
нашите животи со мигови, мириси, спомени,
денови и ноќи со смеа и плач, се обидуваме
да најдеме проодлив пат низ опстојувањето,
се тетеравиме кон пукнатини каде што можеме да ги внесеме
нашите животи.
Еден убав ден
и ние ќе стигнеме до крајот,
исто како и капката, капки
ќе се вратиме
во земјата
за да се соживееме
со циклусот, со мирисите на годишните времиња
кои се толку проткаени што не можат
да бидат раздвоени едно од друго.
Четири лебеди
на пат кон север, еден зад друг во линија
над реката. И тие имаат цел, отворена вода
врамена од зимата и белината.
И на мислите
им се потребни крајни станици, поврзувачки шеми,
возни редови – како и на стиховите, капките, лебедите.
За општествата тоа е потешко, но би требало да биде можно,
или да речеме: тоа мора да биде!



Согледба

811.163.3:821.163.3

ФРАГМЕНТИ ОД ИСКАЖУВАЊА НА СТРАНСКИ СЛАВИСТИ

Вера Стојчевска-Антиќ

ВИКТОР ФРИДМАН (Чикаго):

Јас ќе одговорам од моја гледна точка како лингвист. За афирмацијата на Македонија особено е важен македонскиот јазик. Сè што е поврзано со афирмацијата на македонскиот јазик, е важно за самата афирмација на Македонија. Особено значајно за македонија и македонскиот јазик во странство е Семинарот за македонски јазик, литература и култура, што се одржува секоја година. Моите лични искуства се поврзани токму со овој Семинар, кој одлучи за мојата специјализација на македонскиот јазик. И за мојата студентка тогаш Кристина Крамер, Семинарот беше одлучен да избере македонистичка тема за дисертација. Сега е таа професор на Универзитетот Торонто. Оваа година, нејзината студентка Џејн Хекинг, успешно ја одбрани својата докторска дисертација за условниот начин во рускиот и македонскиот јазик. Темата ја избра благодарение на запознавањето и учеството во Семинарот. Познавам и многу други млади слависти кои се определуваат за македонистиката, благодарение на Семинарот и неговите организатори и учесници. Покрај тоа, списанието „Македонски јазик“ претставува меѓународен извор за знаења на македонската лингвистика. Ова списание претставува вистинска афирмација на македонскиот јазик. Лично сметам дека поддршката за Семинарот, списанието, од страната на надлежните институции во Македонија, ќе дава секогаш плод.

ФРАНТИШЕК ВАЦЛАВ МАРЕШ (Виена):

Го почитувам Охрид како свет град на светителите Климент и Наум. Кога тие не можеле понатаму да ја развиваат словенската христијанска култура во Велика Моравија, пронајдоа нова гостопримлива куќа на брегoвите на Охридското Езеро, тука почиваат и нивните Свети мошти. Оттука зрачела словенската христијанска писменост на сите страни, како семињата на млечката врза крилата на ветарот. Високо го оценувам Охрид како град со непрекината голема традиција на македонската интелигенција. Го сакам Охрид како град во којшто сегашната убавина на природата и искреноста на човечките срца органски се надоврзуваат на благородното минато и го покажуваат патот кон славната иднина. – Што ми значи Охрид? Тој е еден од моите градови!

На крајот една сосема лична забелешка: во Охрид имам две кумчиња, браќата Филип и Петар; еден се красти во прекрасната старинска црквичка Св. Јован Канео (над Езерото), вториот во милата, величествено скромна црквичка Св. Никола Геракомија, каде што тогаш уште почиваа Светите мошти на св. Климент Охридски.

НУЛО МИНИСИ (Италија):

Треба пред сè да им дадам предност на пријателите – на незаборавениот Конески, сеќавање што е на вистина сè уште едно богатство, чие дело до ден денес е сè уште присутно и битно, и од кој сите ние сè уште ја чувствуваме важноста, виталноста, генијалноста ден-денес. Јас секогаш ќе го истакнувам фактот, дека Конески бил голем македонски лингвист, бидејќи бил голем македонски поет. И лингвистите треба да научат дека јазикот треба да се сфати со интуиција која не е онаа на лингвист туку на поет, на уметник, на вреден човек, бидејќи Конески бил поет, но и многу вреден. Да ја напишал македонската граматика некој друг место тој ќе немавме една македонска граматика, ќе имавме една сосема спротивна граматика, според некои теории од генералната и деформираната реторика, според шеми од латинската или француската граматика, но Конески со интуиција на уметник и интелигенција на лингвист знаел да му го даде на македонскиот јазик неговиот вистински изглед, ова е нешто што никој не треба да го заборави.

МАНФРЕД ЈЕНИХЕН (Германија):

Подоцна го запознав повеќе и поблиску Блаже Конески и мислам дека имавме иста бранова должина. Тоа многу ме зближи кон него. Многу ми помагаше во совладувањето на македонистиката, знаеше добро и германски. Имавме добра кореспонденција. За целата таа дејност, помаган од Конески, реферираф на симпозиумот посветен на Блаже Конески. За мене Конески беше фантастична личност, генијален човек, а толку скромен. Запознав во светот многу значајни личности, научници, професори, уметници, но никогаш не најдов еден човек што би бил толку генијален, а толку скромен, како Конески. Неговата поезија ги допира егзистенцијалните прашања. Неговата поетика толку многу ми е блиска и возвишена. И честопати кога сум во криза, јас имам болен сон, се допирам до неговата поезија и размислувам кога поетот Конески пее за мигот кога човекот го губи правото да се смее. Или кога ќе се сетам на тоа „Песјо брдце"?!...

РИНА УСИКОВА (Москва):

Во 1975/76 година отворивме специјализација за македонски јазик и литература. Во првата група имаше осум студенти, од кои дипломираа шест. Првата година јас ја водев целата настава, а веќе во 1976/77 школска година отворивме и лекторат по македонски јазик. Прв директор во Москва беше Кирил Конески, потоа Лилјана Минова-Ѓуркова, редовни професори на Филолошкиот факултет во Скопје. Можам да кажам дека денес има поповолни услови за вработувањето на кадрите со познавања на македонскиот јазик.

ЗБИГЊЕВ ГОЛОМБ (Чикаго):

Македонците можат да бидат горди што во нивната земја се родила и цветала првата црковнословенска литературна култура, иако современиот македонски јазик далеку отишол од старословенскиот, сепак може да се црпи уште од оној стар извор.

Меѓу моите трудови како позначајни би ги издвоил: книгата „Conditionalis typu balkańskiego w jezykach poludniowoslowiańskich" (1964), и есејот: „Етничка заднина и внатрешен лингвистички механизам на таканаречената 'балканизација' на македонскиот јазик" (1992). Можат да се наведат и некои други, но овие се теоретски и историски најзначајни.

ЈАН СОКОЛОВСКИ (Полска):

Во 1978 година присуствував за првпат на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид. По две години бев три месеци на научен престој во Скопје. Во 1988 година повторно бев на научен престој три месеци, а мои ментори беа Блаже Конески и Божидар Видоески. Потоа повеќепати учествував во работата на Семинарот во Охрид. Оваа 2011 година доаѓам веќе третпат. Бев присутен на Семинарот, потоа во „Домот на Уранија", МАНУ ми додели „Медал на Блаже Конески", и еве присутен сум по третпат и на Научниот собир посветен на Блаже Конески.

КРИСТИНА КРАМЕР (Канада):

Користев сè што ми беше на располагање од македонистиката, и еве, сега решив да ја напишам универзитетската Македонска граматика. Дојдена сум до петнаесеттата лекција, а мислам дека ќе има осумнаесет лекции. Но она што е најинтересно и најново, во учебникот ќе има и еден „цедером", значи ќе има дискета – компакт-диск. Во неа нема да има само усни вежби, туку ќе има и музика, ќе има слики, инсерти од културата на Македонија. Затоа, ова лето доаѓаме во Македонија фамилијарно, а мажот ми ќе ми помага при фотографирањето и снимањето на сè она што ќе ми биде потребно за учебникот. Целиот тој собран материјал ќе го селектирам и ќе го ставиме заедно во компакт-дискот. На овој начин ќе има корист и за другите јазици, а не само за англискиот. Македонскиот јазик ќе биде еден од првите јазици прикажан за изучување на оваа нова технологија. Всушност тоа ќе биде учебник со компакт-диск.

ОЛГА ПАНКИНА (Русија):

Моја Македонија

Малата земја во која сум сега,
Твоја убавина во срце ме стега.
Моите мисли поврзани со неа
Е Македонија, е Македонија.

Поле преполнето со афиони,
Во Перивлепта најстари икони.
Илјади луѓе покрстени во неа
Е Македонија, е Македонија...

(Прилозите на Вера Стојчевска-Антиќ го одразуваат времето кога се настанати и Редакцијата во нив не вршеше никакви исправки).



Поезија

821.18(497.7)-1

ПЕСНИ

Линдита Ахмети

УТРЕШНИТЕ МОНЕТИ

одамна си тука седната на овој леден камен
те врзале со жолто јаже
од кое искричат буквите tyhe
телото сака да се откаже од товарот на душата
и те каменуваат постојано со врзани нозе
и ти градат пурпурна сцена со олтар на средината
и те тераат да глумиш ледена кукла крај контејнер
уживаат во празнотијата и во маките на актерите
што прифаќаат улоги на светци
и ја прифаќаш крвавата игра
се мачиш со какви-такви движења на рацете
но не можеш песната што ја очекуваат да ја испееш
зашто таа извира од срцето а срцето сега крвави
и отвора мрачна ткаенина од пајажина
ја фрла врз тебе
и бара да му ја подготвиш докторската дисертација
патетичниот говор на вождот што ќе излезе од темнината
а тебе не те привлекуваат утрешните монети
и нивниот болскот
зашто подрагоцен ти е забранетиот цут на праската
од заменикот на потсекретарот на поткомисијата
за топењето на ланскиот снег
публиката е пијана и братски го пцуе сонцето
и бебето во лулката сака песна-говор што ветува софри
што паѓаат од небото
а ти врзана на каменот студен со кренати раце
очекуваш да ти ги оданочат воздухот и снегот
со кои ги влажниш усните
не прифаќаш да зборуваш за утрешните монети
туку повторуваш дека мислиш на него и само на него
иако знаеш дека тој нема да се појави
затоа што веќе ти кажале дека е танчер на јанус
за утрешните монети викаш не зборувајте ми
публиката незадоволна ти се чуди
што одбиваш таква понуда

НЕВЕСТИНСКИ ФУСТАН

Јас имам сто години
Како чекам да слушнам
Тропот на бел коњ
Што се приближува
До домот на самотијата
За да го облечам
Невестинскиот фустан
Но мојот сон
Го наследија
Двете поголеми
Од трите сестри
Од приказните

Сега пребарувам
Со голи прсти
Низ пепел
На отворено
И си мислам
Кој знае кој знае
Добивам неколку капки дожд
И ножички наоѓам
Јасно е
Нема да се случи
Да го почувствувам

Летот
На белата птица
А косата ја чешлам
За невестински фустан

РАЗУБАВУВАЊЕ НА БОЖИЛАКОТ

не врне веќе
над мојата самотија
хелиос ме гледа сонливо
како ја предам благословената реч
и со зелени стихови
омекнати со солзи моминski
го разубавувам божилакот
фрлам овде-онде весели ноти
во оркестарот на лисјата на крушата
диригиран од зефир
додавам по некоја темјанушка
малку јаглики и еден трендафил
неколку портокали
и бели татнежи од срцето
на осамената девојка што чека
во синиот бескрај
во црвената болка
растурајќи ги нежните чувства како зеленило
зеленило зеленило
и ете се повлекуваат
и последните облаци зад планината
а божествената убавина
го поврзува мојот прозорец
со светата гора томор



Поезија

821.163.3-1

ДРУЖБИ, ДРУЖБИ...

Од последната збирка поезија „Дружби и тужби“ наменета – како што запишал авторот во својот препознатлив хумористично-сатиричен стил – за возраст од „9-99+“ години.

Александар Кујунџиски

Дружбите меѓу домашните животни
секому се видливи, познати и знајни,
но и оние меѓу дивиот животински свет
не ги обвиваат непросирни тајни.

И во тој поглед безброј примери има,
за кои секој и сведок и очевидец бил.
И знае колку недомерно, донебесно,
галебот на лебедот му е пријател мил.

Не ретко едни крај други ќе се сретнат:
пчелите и осите врз сочна лубеница,
мувите и стршените крај грозје сочно,
лебарки и глувци среде воденица.

Лавовите и тигрите – крај ист плен.
Којотите и орлите остатоци заедно делат.
Ластовиците и штрковите во исто време
во јата здружени на југ се селат.

Полжавот и голичот – сложни браќа,
иако со различна имотна состојба.
И меѓу врапче и славејче не се чуло
дека некогаш имало неслога и двојба.

А, пак, при временски и други непогоди –
сечии срца истоветно бијат,
па при најголеми студови се случува, нели,
и мачка и куче гушнати да спијат.

ИЗБОРОТ НА ЧЕСНИТЕ

Фестивал голем, со реноме и традиција.
Настап – очекуван. Десетина песнопојни птици.
Избор за најдобра и најслушлива песна,
од најнадарени и наштимани гласни жици.

Жирито: тресиопашки и лилјак, се зарекле:
„Ќе одлучуваме без секаква интервенција!
И самостојно, и праведно, и едногласно,
иако е тешко – има силна конкуренција“.

Но од реченото до стореното, најчесто –
огромна разлика има... Секому е јасно.
Којзнае кои ваги и вагари натежнале,
пред одлуката да ја обзнанат гласно.

За најдобра и најслушлива ја избрале гарвановата.
Комисијата „чесно“ образложение и изјава дала;
иако сите присутни неправда огромна сетиле,
9а ја сетиле дури и sидовите на музичката сала.

Место да реагира бунтовно, славејчето
мирно за медиумите изјава дава:
– На неправедниците и комбинаторите –
нека им служи за чест и слава!

ЕДНА СУДБА ПТИЧЈА

Не е познато дали нивна желба била,
или некој во здрава нога им зарил трн?
Две птици требало боите да си ги сменат:
враната да стане бела, галебот – црн.

А дали кроителите свесни биле
што сè повлекува една таква смена;
зашто, како и сè друго во животот –
и таа морало да има своја цена.

Посредник и надзорник потребен бил.
За сè побрзо, побезболно и полесно да тече,
кој друг да се назначи, ако не кукавицата?
Таа да официјализира сè што ќе се рече.

Штом се тргнало на менувања –
и сè друго поинаку морало да се крои.
Птиците биле приморани да ги сменат
и имињата знајни, вековити, свои.

И оттогаш потаму, по сево ова, што?
Што ќе бидат потем, во иднина тие?
Сè нивно сменето ќе биде бескрајно,
штом совеста на менувачите спие?

Поинаку, тревожно ќе им чука
дури и срцето што во гради им бие...
Зар да се премолчува она што никој
на светов бел – не може да го скрие?

ПРАШАЊЕ БЕЗ ОДГОВОР

Брстејќи ливчиња од огромно дрво,
жирафата стигнала до најгорна гранка,
кога таму: бубалка преплашена, тажна!
Не била некоја спокојна и насмеана спанка.

„Нема крилја, ситен, мал, а изјазен до овде“ –
додека жирафата се чудела „кој е овој странец“,
и на кој начин стигнал таму кај што е,
„странецот“ замолил спасителка да му стане.

– Аман, ве молам, спуштете ме наземи! –
бубалката фатила и солзи поројни да лее,
па жирафата, милослива, веднаш го симнала,
со помисла: „туѓата несреќа за подбив не е...

...Но зар несреќа е ова, кога повеќето созданија,
и способни и не, и големи и мали,
цел живот свој копнеат што повисоко да бидат
на долгите-предолги небесни скали?!“

ТУЖБИ, ТУЖБИ...

По примерот на луѓето можеби –
и животните почнале да се тужат.
Тужби, тужби, од секое до некое,
непрестајно почнале сегде да кружат.

Тужењето – епидемија се престорило,
би рекле дури – пандемија цела,
фрчеле вжештини обвинениja насекаде,
од нив и хидросферата станала врела.

Глувчињата ги тужеле мачките.
Желките – орлите, бубалките – птиците.
Полжавите – ежовите, срните – мечките.
Петлите, пак, ги тужеле лисиците.

Мувите и мушичките – пајаците.
Рибите и сипите – ајкулите.
Поткорниците – клукајдрвците.
Утовите мракољупци – светулките.

Овците и јагнињата – волците.
Зебрите – тигрите и лавовите.
Мравките, јасно – мравојадите.
Жабите – чапјите и штрковите...

Дури и волците не останале „должни“.
И тие тужба им испорачале на „овците клети“.
И уште... кој ли кого не обвинил?
Песнава наша не може да се сети.

ТАЖАЛЕНКИТЕ НА КУКАВИЦАТА КУКУ

Кукавицата Куку за најбедна важела
меѓу сиот многуброен птичји сој,
та затоа ништо чудно не е
што најтажно ечел нејзиниот пој.

Но за рекордно кусо време
нејзиниот живот се сменил од корен:
според степенот на ситуираност –
се искачила погоре од горе.

Така кукавицата Куку која некогаш
бедница и парталка била,
одеднаш станала опкружена
сѐ само со злато и свила.

И кај Гинис веќе вреди да влезе
ова случено светско чудо.
Некои мислат: „поради заслуги некакви“,
други: „виновно е времето лудо“.

Но како и да е... Излези во поле...
Пак ќе ја чуеш како се гласи...
Ќе ја препознаеш по кукањето од кое
ничие уво не може да се спаси.

ОПРАВДАНО ИЛИ НЕ?

Оправдано е ако е гладно
магарето силно и долго да рика,
но ако е нахрането, напоено,
нека само за спомен се слика.

Ништо лошо што штурецот везден свири,
најмногу кога сонцето жеже-пече.
За вродената му дарба секако
не треба погрден збор да му се рече.

Не е за чудење кога среде бара,
некоја жаба нагло ќе почне да крека.
Сигурно за формирање хор
од свои другшки оправдано чека.

За осуда не е, за пофалба е
домашно куче кога непрестајно лае.
„Наближи крадец!“ И стопанот негов
треба да слушне и знае.

Но дали може да се оправда папагалот,
кој ари и жари среде комфорна собна шир,
обвинувајќи ги рибите во аквариумот
поради нарушување јавен ред и мир?

ПОРАЧКИТЕ НА КОЊИТЕ

На коњите раздвоени на сите страни,
некои виши посредници шанса им пружиле:
сите на заедничка, тркалезна маса,
рамо до рамо пријателски да ги здружиле.

Кога се во прашање виши сили и фактори,
„нема нешто што не е остварливо и можно“,
па коњите, со различни гледишта и желби,
на стартот од преговорите делувале сложно.

Но за разидувања и двојби не се чекало долго.
Настапиле, се случиле уште при првата згода:
тогаш кога на сите присутни вишите келнери
им понудиле да бидат почестени со чаша вода.

Морскиот коњ побарал вода од бран морски.
Домашниот за водоводна инсистирал гласно.
Дивиот коњ – од најбистриот кладенец горски.
Нилскиот коњ – од реката Нил, јасно.

Како потаму течеле преговорите меѓу коњите?
Познато е: како што дошле – така и се вратиле.
– Ќе биде така, ќе... сѐ додека ние не ве... –
Вишите до сите нив јасна порака пратиле.

ДАЛИ?

Во џунгла, една, огромна,
во која, јасно – владеел лавот,
не царувал само тој, царувале воедно
и додворувањата и стравот.

Да, да: стравот од него и додворувањата нему
од поданиците негови, од сѐ живо и диво.
Од оние со привилегии, и оние што сакале
да зачуваат скромен опстој или сопствен живот.

Му ласкале, го фалеле сите редум,
тресејќи се непрестајно ко ливчиња од бреза
уште пред скалите и портите негови,
а не, пак, крај престолот кога му влезат.

А отпосле, што се случувало често,
оддалечени со километри од него?
Сал омраза и презир бескрајно гаеле
кон него и неговото диктаторско его.

Дали сите живи созданија се вакви?
Олку покорни, послушни и милни –
се прашал камелеонот, менувајќи бои –
кога е во прашање семоќен силник?



Бајка

821.163.3-34

КУЛА ОД ШЕЌЕР

УРБАНА БАЈКА ВО 14 СЛИКИ

Стево Симски

ПРОЛОГ: Урбаната бајка „Кула од шеќер“ е сценско чекорење на лица со и без маски зад скриеното значење на трајните слики врамени со плодови од зрелото детство. Откритие задоцнето не е да се гледа со срцето, за да се зборува само со очите. Почитувањето е темел на животот, но прекорот кон некој е света должност кога тој некој прекршува јасни заповеди, а со тоа отвора капиџици да се скрие нешто туѓо и незнајно во нас. Всадениот корен на добрината, љубовта, убавината како и името на темнината и светлината се дадени да ги градат или да ги урнат кулите од шеќер, а тоа е бистра опомена за зеленото полнолетство на недопирливите од детството.

СЛИКА 1

Место: Патека за пешаци со клупа, канта за отпадоци и билборд со натпис: Чувајте ја патекава чиста.

Учесници: Коста, пензиониран библиотекар, Јане, Ана, Цар, Волк и Рис, ученици.

Дејство: Коста доаѓа со кученцето Одисеј (врзано) и седнува на клупата. Пауза.

КОСТА: Малку да здивнеме, убав мој, па си одиме дома. Време е за второ кафе. Чекај, чекај да не требаше нешто патем да пазарам? Да, да! Малку имаше кафе. А носам ли пари? (Проверува со рака по џебовите и се сплеткува со јажето со кое е врзано кученцето. Се одврзува и станува.) Ајде, убав мој, си одиме дома. Сега има место и некој друг да седне. Ајде Одисеј! Немој да лаеш по ученици.

(Коста со кученцето заминува. Пауза. Доаѓаат Јане и Ана со ученички ранци на грбот.)

ЈАНЕ: Што велиш да седнеме на клупава за да ти ја прочитам домашната работа по македонски јазик.

АНА (Го вади мобилниот телефон од ранецот и го гледа.) Има уште дваесет и пет минути до почеток на првиот час. Која тема ја одбра?

ЈАНЕ: Рециклирање на отпадоците. Да седнеме па ќе слушнеш.

(Јане оди кон клупата. Го симнува ранецот од грбот и го отвора. Пред да седне на клупата застанува без да мрдне. Ана е зад Јане.)

АНА: Што, зарем си ја заборавил тетратката за домашна работа.

ЈАНЕ: Некој го заборавил паричникот.

АНА: Што заборавил?

ЈАНЕ: Види, на клупава има ќесе за пари! (Го зема ќесето и го отвора.)

АНА: Што правиме сега?

ЈАНЕ: (Гледа во ќесето.) Има денари со ликот на Богородица и лична карта. Сопственикот на ќесево живее на почетокот од нашата улица, број 2. Ми личи на библиотекарот. Еве, види!

АНА: Сигурно е веќе загрижен.

ЈАНЕ: Ајде бргу да му го однесеме ќесево.

АНА: (Го вади мобилниот од џебот.) Ќе и јавам на класната за доцењето.

(Јане и Ана заминуваат од каде што дојдоа. Пауза. Доаѓаат Цар, Волк и Рис и седнуваат на клупата. Цар е со пластично шише сок в рака и пивнува неколку голтки. Се слуша училишно звонче.)

ВОЛК: Еве, ќе почне првиот час, а уште ги нема оние што доцнат.

ЦАР: Сега како деветоодделенци ние решаваме кој и од седмоодделенците ќе плаќа патарина.

ВОЛК: Како ќе знаеме кој е седмоодделенец?

РИС: Дедо ми вели: Кој прашува далеку стасува.

ЦАР: (Се тропа по градите.) Овој деветоодделенец решава.

ВОЛК: (Доаѓаат Јане и Ана.) Еве ни мачиња за патарина.

РИС: Не ми личат на наши муштерии.

ЦАР: Станете и запрете го само мачорчето! Штом заржам знаете што треба да сторите. Море, штом

свирнам.

ВОЛК: (Станува. Оди со раширени раце пред Јане и Ана.) Оп, стоп!

(Јане и Ана застануваат Приоѓа Рис. Покажува Ана да продолжи, но таа се доближува до Јане.)

АНА: Што се случува?

ЦАР: Ова се машки муабети. Ти мače оди, доцниш. Звонеше за час!

ЈАНЕ: Оди Ана, ќе те стасам!

(Ана прави неколку чекори, застанува и се врти. Јане ѝ мавта со раката да продолжи. Ана заминува.)

ЈАНЕ: Ќе дознам ли зошто сум запрен?

ВОЛК: Знаеш ли кои сме ние? Види убаво.

ЈАНЕ: Тебе цело училиште те знае како тројка оти покрај сите двојки си имал и една тројка и тоа по физичко.

ВОЛК: Од денес за сите сум Волк. Овој до мене... (покажува на Рис) што го викавме булдог, сега е Рис, а... (се врти кон Цар.) Лав е сега шеф и сите треба да го викаме Цар.

ЦАР: (Го става шишето на клупата. Станува и оди меѓу Волк и Рис.) Кратко и јасно. Овој Цар, ја одредува и наплаќа патарината.

ЈАНЕ: Што ако немам пари или ако не сакам да платам?

ЦАР: (Го тегне Јане за крагната.) Ако немаш денес, утре плаќаш двојно, а ако утре двојното не го дадеш ќе останеш без ранецот. (Свирнува со уста и Волк го фаќа Јане со двете раце од зад грб и го поткрева.) Не можеш ни да претнеш, ни да му ја летнеш!

ЈАНЕ: Утре ќе донесам двојно.

ЦАР: Пуштај го, ќе задоцни и на вториот час. (Кон Јане.) За ова никому ни збор, за да не останеш и без дресот од ФК Вардар за физичко.

(Волк ги трга рацете од Јане и го турнува каде што замина Ана. Цар оди до клупата, го зема пластичното шише и го фрла кон нозете на Јане, но не го погодува. Јане го зема шишето и го остава во кантата за отпадоци па продолжува понатаму. Цар, Волк и Рис тргнуваат по Јане. Пауза. Коста со кученцето врзано излегува од зад билбордот и ги следи Цар, Волк и Рис. Пауза.)

(Дамјан доаѓа туркајќи го велосопедот. Застанува крај клупата. Го потпира велосипедот. Го вади мобилниот телефон од ранецот. Седнува на клупата, гледа и пребарува на телефонот. Пауза.)

ДАМЈАН: Зарем е можно дека ова е Ева? Има над двесте допаѓања и десетина срца дека се потпишува како Лиска

ЕВА: (На електричен тротинет запира пред клупата.) Дојдов да ти го вратам твојот единствен подарок бајката „Кула од шеќер“, со искината посвета. А што е тоа толку интересно на мобилниот?

ДАМЈАН: Седни па ќе ти кажам. (Ја зема книгата и ја става во ранецот.)

ЕВА: Нема што да ми кажеш. Јас сум од врвот, а ти од дното.

ДАМЈАН: Пак пееш турбо-фолк песна дека не сме еден за друг.

ЕВА: Нашата судбина е да немаме иднина. Ти којзнае дали ќе запишеш некој факултет, а јас веќе знам каде ќе работам. Немаш никого да те вработи ни како чистач. Вие четири души живеете под кирија во триесет квадрати, а ние тројца сме во наши 100. Немате автомобил, а ние имаме два. Мајка ти е обична медицинска сестра, а мајка ми е советник во општина. Татко ми има аптека, а татко ти којзнае што работи. Јас се облекувам како манекенка, а ти имаш само две нови блузи. Брат ти носи твои патики што не можеш веќе да ги обуеш и ...

ДАМЈАН: (Станува.) Слушај, Ева! Мајка ми работи една од најхуманите работи, се грижи за болните луѓе. Татко ми е во странство. Овде работеше како сообраќаен инженер, а сега е плочкар и водоводџија. Ни испраќа пари, таман толку колку што треба. Штедиме да купиме стан. Немаме автомобил, но од сите вас повеќе ги почитуваме сообраќајните знаци и прописи. (Го крева мобилниот.) Поминуваш со тротинетот на црвеното светло и возиш во спротивен правец. Прекршоците ти се за казна и осуда. И самата, но и другите учесници во сообраќајот ги туркаш во голема опасност. Зарем не гледаш што правиш и кому се обраќаш со тоа лудило?

ЕВА: Јас гледам дали има автомобили, а не какво светло е запалено на семафорот. А возам брзо колку сакам и во кој правец сакам. Сите ми се тргаат од патот.

ДАМЈАН: (Го зема велосипедот.) Убаво рече. Не можеме да бидеме еден за друг. Ти се движиш во погрешен правец. (Пребарува на телефонот и притиска неколкупати. Крева рака и чекори туркајќи го велосипедот.)

ЕВА: Немој веќе да ми се јавиш безимена сверко.

ДАМЈАН: (Запира па одмавнува со рака.) Избришана си, црна лисицо!

ЕВА: Ми сврте грб наместо да моли. Ќе поминам крај него и ќе сликам за да види без кого останува. (Се потурнува на електротротинетот и вози во правец кај што оди Дамјан.)

ДАМЈАН: На кула од песок не се допираат облаци од шеќер! (Заминува.)



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ ЗА ДЕЦА

Наум Попески

ДЕТЕЛИНКА СО ЧЕТИРИ ЛИСТА

Беше пролет, а полето
во радост и врева,
Јас сум седнал на ледина
на зелена трева.

Па, загледан в зеленото
на пролетта чиста
забележав детелинка
со четири листа.

Така нежна така мила
трепкаше на денот,
ќе помине косач некој,
па ќе стане сено.

Жал ми беше таква судба
неа ја снајде,
па ѝ реков:
Детелинке,
со мене ти ајде.

Потем нежно ја пресадив
в саксија за цвеќе
таа беше украс убав,
а јас многу среќен.

ВЕВЧАНИ

Крај изворот во Вевчани
темјанушки жолти, сини,
дојди гледај и уживај,
само да ги кинеш.

Наоколу зеленгора,
кокичиња, цвеќа разни,
штом ги видиш, сам ќе речеш,
ова е за бајки, сказни.

Тивко шуми јабланица,
птици пејат крај водата,
за вевчанци, храбри момци,
и за Ставре војводата.

Тој што барем еднаш дошол,
убавина што сфатил,
па повторно, добредошол
во Вевчани пак се вратил.

Блазе си ти мило дете,
што те роди таква мајка,
во Вевчани лично, ликум,
ти да растеш ко во бајка.

МАГЛИВО УТРО

Кога ќе станам наутро рано,
во магливо утро, тивко и влажно
се вртам само негде низ станот,
сè ми е нешто тешко и тажно.

Чекорам потем по патот влажен,
ветерот негде листот го гони.
Утрото сам сум и многу тажен.

Есента жолти лисја си рони.
Таква е таа златна и матна.
Таква е таа со дожд и ветер,
заврна малку па, ти си цапнал
добро си минал, може и бетер.

ПО СТАПКИТЕ НА ДЕТСТВОТО

Еднаш имав ширно поле,
цветен килим, убав, голем.
Трчав, скокав, во него тонев,
од ѕвездите бисер ронев.

Имав своја вишна гора,
мила, чиста како зора.
Облечена сè во свила,
јас во неа славеј пиле.

Верувајте, беше така,
месец имав јас во рака,
сите ѕвезди беа мои,
колку беа, кој ги броел.

Помнам добро сè што било,
во срцето ми се скрило.
Така беше тогаш, ете,
кога и јас бев дете.



Видување

791.622(497.7)(049.3)

МАКЕДОНСКИ ФИЛМОВИ СНИМЕНИ СПОРЕД ДОМАШНИ ЛИТЕРАТУРНИ ДЕЛА

Берт Стајн

Македонската кинематографија не е квантитативно богата, но кога станува збор за квалитетот, несомнено имаме добри филмови (и филмаџии). Но, кои наши филмови се снимени според домашни литературни дела?

По втората светска војна и раѓањето на македонската кинематографија во рамките на Југославија, позначајни филмови снимени според домашни литературни дела се:

Во рамките на Југославија

- **Солунските атентатори (1961)** снимен според истомениот роман на Јован Бошковски.
- **Денови на искушение (1965)** според драмското дело „Црнила“ на Коле Чашуле.
- **Македонска крвава свадба (1967)** според истоимената драма на Војдан Чернодрински.
- **Црно семе (1971)** засновано врз истомениот роман на Ташко Георгиевски.
- **Македонскиот дел од пеколот (1971)**, филмска адаптација на епскиот воен роман „Доследни на заветот“ од Панде Ташкоски.
- **Истрел (1972)** според романот „Под усвитеност“ на Димитар Солев.
- **Колнати сме Ирина (1973)** по сценарио на Коле Ангеловски, според новелата „Татко“ на Живко Чинго.
- **Најдолгиот пат (1976)** заснован врз вистински настани објавени во зборникот на Петре М. Андреевски „Темни кажувања“.
- **Време, води (1980)**, според романот „Вода“ од 1972 на Јован Стрезовски.
- **Црвениот коњ (1981)** по истомениот роман од Ташко Георгиевски од 1975 година.
- **Јазол (1985)** според новелата „Две Марии“ на Славко Јаневски.
- **Хај-фај (1987)** снимен врз истоимената театарска пиеса на Горан Стефановски.
- **Викенд на мртовци (1988)** како екранизација на театарска пиеса од Миле Попоски.

Во самостојна Македонија

- **Како лош сон (2003)**, заснован на драмата „ММЕ кој прв почна“ на Дејан Дуковски
- **Големата вода (2004)** според мотиви од истомениот роман на Живко Чинго.
- **Превртено (2007)**, според вториот дел од романот „Папокот на светот“ од Венко Андоновски.
- **Балканот не е мртов (2012)** екранизација на истоимената драма на Дејан Дуковски.
- **Соба со пијано (2013)** според драма од Жанина Мирчевска.
- **Ослободување на Скопје (2016)** според истоимената драма од Душан Јовановиќ

Од списокот се гледа дека повеќето вакви дела се снимени во периодот од 1960-тите до 1980-тите. По осамостојувањето на Македонија многу често авторот на сценариото е самиот режисер. Такви примери се навистина многу, како Бранко Гапо, Милчо Манчевски, Младен Крстевски, Столе Попов, Антонио Митриќески, Дарко Митревски, Светозар Ристовски, Теона Стругар Митевска, Коле Манев, Коле Ангеловски, Игор Иванов Изи, Владимир Блажевски, Александар Поповски, Јани Бојаџи, Вардан Тозија, Ѓорче Ставрески, Кузман Кузмановски, Илија Пиперкоски, Дина Дума и други, а честопати тие самите се и продуценти на нивните филмови.

Интересно е да се споменат и телевизиските филмови како „**Заминување од Пасквелија**“ (1992, според збирката раскази на Живко Чинго), „**Татковите книги**“ (според роман на Луан Старова, воедно и прв македонски ТВ филм на албански јазик), „**Ноќ спроти свети Василиј**“ (2001, според драмскиот текст на Русомир Богдановски), „**Проблемот на Тина**“, краткометражен филм во режија на Радован Петровиќ, по истомениот расказ на Румена Бужаровска и други, но тоа би било интересно за една друга, поисцрпна листа.

Останува да видиме дали домашните режисери во иднина ќе филмуваат некој модерен македонски роман.



Есеи

821.163.3-4

ЛЕСНО Е ДА СТАНЕШ ОДЛИЧЕН ПИСАТЕЛ, ТЕШКО Е ДА СТАНЕШ ПИСАТЕЛ

Трајче Кацаров

Сè уште бев во гимназиските години кога го слушнав првиот албум на „Леб и сол“. Си реков ова е одличен состав. Со вториот, третиот и оние што доаѓаа по нив, „Леб и сол“, стануваше музичка група. Така беше со првиот албум на „Тајм“. Реков ова е одличен албум. Дадо Топиќ стануваше музичар со сите наредни албуми, вклучувајќи го и дуплиот „Неоседлани“.

На прошетката по Калемегдан Андрића не ретко го придружувал М. Булатовиќ. Од таквата прошетка Андриќ , се враќал доцна дома. На прекорот на загрижената му жена, се оправдувал со Булатовиќ, со шејтанот кој повторно и повторно барал да каже дека на Меша Селимовиќ му се посреќил романот „Дервишот и смртта“.

Одлично напишаната книга, роман, поезија, не те прави писател. Како што би рекол Умберто Еко, непрочитаните книги во библиотеката се најдобри. Грешките го прават писателот писател, музичарот музичар, сликарот сликар. Зашто тие говорат за неговата одлучност, истрајност, вербата во себе и во она што го работи.

Наградите доаѓаат секогаш во погрешно време и те затекнуваат на погрешно место. Затоа кога некој ќе ви каже дека сте одличен писател, музичар, сликар, како да сака да ви го прекине патот по кој се градите како творец. Одличната оценка ве оддалечува од работните навики.

Недобивањето на Нобеловата награда не му попречи на Борхес да има илјадници поддржувачи, да биде добар писател. Нобеловата награда што ја доби Боб Дилан не го направи подобар музичар, како што не ги спречи читателите на Кнут Хамсун, да му го наполнат дворот со неговите книги, откако разбраа дека е националист.

Затоа, кога ќе ви кажат дека сте одличен писател веднаш фаќајте се за работа и барајте ги грешките во своите дела. Ако ги има многу, добро е, напредувате.

ГИ РАЗБИРА ЛИ НЕКОЈ ДЕНЕШНИВЕ ПИСАТЕЛИ

Хомер не гледал, ама ги натерал другите да гледаат. Сократ не бил писмен, ама ги натерал другите да се описменат. Бетовен не слушал, ама ги натерал другите да слушаат. Господ не се подава

на плитки емоции, на ниски страсти кога им дава задача на своите амбасадори на земјата. Слепиот е слеп за луѓето, но не и за Господовата волја. Исто е и со глувиот, со паралитичарот. А кога човекот ќе го препознае гласот, волјата Господова, тогаш занемува. Нем им се предава на чувствата. Оној што може да го препознае Господовото, да го почувствува, не се разликува од оној што го пренесува. А кога ќе сфатиме дека и чувствувањето е од Бога, се исправаме пред вечното прашање: Што е прво, јајцето или кокошката, творецот или рецепторот-адресантот или адресатот?

Оваа мисла како убоита пчелка ме нападна за време годинашниве СВП. Стануваше побучна, поодлучувачка во својата намера, кога човекот што седеше до мене во салата по завршувањето на поетскиот митинг „Поетските меридијани", ме праша: „Ги разбира ли некој денешните поети?" „Повеќето и Господ не може да ги разбере" – му реков. „Тогаш зошто тие, повеќето, пишуваат?" – продолжи пријателот. „Зашто Господовото – обдареноста, талентот, го толкуваат по свое. А нивното, самиот виде и слушна, какво е. Надвор од секоја Божја поромисла."

„Але – оп!" – би рекол Курт Вонегат. „Станувај да си одиме!" – му реков на збунетиот кој по патот до дома уста не отвори.

СЕНТЕНЦА

„Да пишуваш значи да изгориш, но и да изникнеш од пепелта" – напишал Блез Сандрар. Ја читам сентенцата на Федерик Луи Созе, алијас Блез Сандрар, натурализираниот Французин, и се прашувам има ли во нашава „Страдалница" такви што горат, но и што никнуваат од пепелта.

Знам за многу што гореа додека пишуваа панигирици за кумунистичките икони, најмногу за маршалот. Тие истите изникнаа од пепелта кога моќта на црвената буржуазија стана приказна за мали деца.

Во животните услови што ги диктира сегашниот општествен поредок, знам за писатели што горат пишувајќи за древните икони на новото време. Истите изникнуваат од пепелта штом ќе ги соблазни некоја државна синакура, наградичка, национална пензиичка и сл.

Значи и во нашава „Страдалница" сентенцата на Сандрар е полноважна.

Але – оп! Ќе рече Курт Вонегат.

НАГРАДИТЕ ЗА ПРЕЖИВУВАЊЕ ИЛИ ЗА СПАСЕНИЕ

А.П.Чехов кој постојано повторувал дека медицината му е жена, а литературата љубовница, живеел на сметка на својата љубовница. Сè поради тоа што не земал пари од оние што ги лекувал, повеќето и немале да му платат. Живеел од приходите што му ги возможувала неговата љубовница – литературата. Со него живееле и членовите на потесната фамилија. Подоцна, по неколку децении, слично нешто ќе се најде во биографските белешки на С.Есенин. Токму тој, рускиот бунтовник, за кој Мајаковски ќе испее стихови во кои ќе каже дека требало да има доволно мастило во мастилницата за последните стихови да не се напишат со крв, живеел колку што живеел, единствено од хонорарите што ги добивал за објавените песни. Есенин, кој читал во Царското Село, пред царицата Александра, која од неговите песни извлекувала само тага, Есенин кој читал пред Ленин, пред водачите на Револуцијата, за кои, пак, песните му биле премногу „волноумни", со хонораите од објавените песни ги држел во живот и двете сестри и мајка му. Кај Мајаковски, поетот на Црвениот Октомври, ситуацијата околу егзистирањето не била поинаква. Ј. Сајферт чешкиот поет, ќе напише ако не биле песните, т.е. ако требало да пишува проза и од нејзиното објавувањето да живее, ќе умрел, рано-рано, и тоа гладен. Буковски, најконтроверзниот американски писател живеел како што ќе посака, од хонорарите што ги добивал од своите дела, меѓу кои се вбројуваат и многу книги поезија. Пред неколку години за време на одржувањето на СВП, на брегот на Охридското Езеро, се запознав со една учесничка од скандинавските земји. Ја прашав што работи. Таа ми одговори дека е поет. На прашањето дали егзистира од пишувањето поезија. Таа ми повтори дека е поет. Во исто време бев воодушевен и разочаран. Се восхитував на жената што рече дека е по занимање поетеса, како што и очајував зашто во нашата „Страдалница", тоа не може да се случи ниту по илјада години. Од неколкуте примери, изнесени погоре во текстот, видовме дека може да се егзистира од литературата, поезијата, и кога за неа сте венчани, односно, кога ѝ давате статус на љубовница. Овде, само по себе, ни се наметнува прашањето: Зошто кај нас е поинаку? Не само што не можеш да живееш од поезија, туку веќе на поезијата ѝ се губи трагата. Издавачите сè помалку ја издаваат. Министерството за култура сè помалку ја финансира. А оние што ја пласираат во јавноста како самоиздат, не ја држат во живот, туку ја ништат од корен. Прославениот интелектуалец Славомир Жижек на прашањето како гледа на односот на црквата на ковид пандемијата одговара: „Црквата како институција не се грижи за излекување на човештвото, туку за негово спасение." Во нашава „Страдалница" наградите за литература, во која спаѓа и поезијата, не се доделуваат за да преживее литературата, туку за спасение на писателите. Реков за спасение зашто од наградата не може да живее, ама пак неговото име ќе може да си обезбеди вечен спокој по неговата смрт.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Лилјана Стоилковска

МАНАСТИРСКА ПОРАКА

Нека екне ангелско ехо,
по врвови, ливади и долини
за мисла една благословена.
Запејте мили ангели до небо да се чуете,
песна, молитва, реч Господова
за здравје, љубов и убавина
за сите од овој свет.

Нека трештат камбаните,
нека ечи песната ангелска
нека светне темнината.
Запејте убави ангели песни за здравје и убавина,
да нема војни, мир и среќа сегде да цвета.

Чујте ја оваа песна на моите ангели
да се роди во секоја душа божјиот мир!
Во дворој манастирски оро нека се вивне
и свадбени тапани до небото да се чујат.

Нека трештат камбаните,
нека ечат песните ангелски,
запејте песни за убавината,
за здравје и мир сегде во светот.
Еееј народе, бидете ми благословени!

Колку манастири, толку ангели,
колку ангели, толку молитви!
Да се извишат и блеснат
високо горе во небесите да трештат!

ИЛИНДЕНСКА 2024

1.

Рој мисли ми се редат
кои секако вредат
за тебе Голем празнику
Ден Илинден, ден вековит!

На секој Македонец кај му е местото?
Да, тоа е единствено во Македонија.
А има ли народ понесреќен од Македонецот?
Дојди на ова поле широко,
На оваа земја исконска!

Не прашувај ме за овие стихови
кои од умот излегоа,
низ дамарот затреперија,
и низ устата истекоа.

Ох, време чудно,
држи го окото будно!
Дал убавина ќе донесе или улавина?
А, утре е празник!
Зурли нека трештат,
тапани нека екнат.

2.

Ангели нека пејат!
Пејте мили за Илинден голем ден!
Празникот македонски
весела и вознесена да го празнувам.
Борба херојска и на Карев републиката!

Славете го денот Илинден за навек
празник вековит! За многу години!
Запејте Македонци! Заиграјте машко оро,
машко оро за рамо – машко оро сè македонско!

РАЗГОВОР СО ЉУБОВТА

Секој миг си со мене
зад мене, пред мене
најдолго за мене,
и не можам без тебе!

Што е љубов?
Што значи овој збор?
Расте ли во сечиј двор,
никне ли од некој извор.
Да ти кажам една вистина:
вечна останува само љубовта,
таа боли силно безмерно,
но, живее долго неизмерно.

Да допрат до тебе
моите прашања,
да разгори во мене
одговор твој топол незгаснат.

Опиена од мирисот твој
ти го дарувам умот мој.
Земи го за навек!

2.

За сите ко единствен лек.
Љубов моја, проговори
на твојот слаткоречив јазик
тивко ко звонот на тишината моја
за да стане дел од судбината твоја.

Сакам од тебе да чујам
што значи зборот ЉУБОВ?
Сакање, милување, допирање,
жртвување, прегрнување, бакнување.

Па тоа нели е многу,
за еден збор од букви пет?
Збор возвишен и благословен,
кој низ молкот ме удостои.

Благодарам љубов моја!
Разговорот со тебе
љубов моја не заврши.
Продолжува сè додека сум жива
ЉУБОВ МОЈА!
Ко непресушен цвет
на житородна зелена нива.



Осврт

821.163.3-1(049.3)

ЛИРСКИ СНОВИДЕНИЈА НА МЕЧТАТА

КОН ГОРДАНА МИХАИЛОВА БОШНАКОСКА. 2024. „КИЛИБАР И МЛАДОСТ“, СКОПЈЕ, МАКАВЕЈ)

Дарин Ангеловски

Стихозбирката „Килибар и младост“ од Гордана Михаилова Бошнакоска е изградена од четири хомологни поетски циклуси („Тој – сонување“, „Нашите можности“, „Килибар внатрешен предел“, „Другиот“) кои ентусијастички ги истражуваат односите Себство – Другост според стожерните Еротови начела – оние на достаточноста и недостигот, на присуството и отсуството, односно, на блаженството и болката – најавени уште со стихуваната мисла на Габриел Гарсија Маркес поставена како поетско кредо на целата збирка: „Најлош начин некој/ да ти недостига/ е да седиш покрај него,/ а да знаеш дека никогаш/ нема да бидете заедно“.


Лирскиот обрат на вака поставената идејна стварност во стихозбирката „Килибар и младост“ се остварува според патоказноста на почетниот стих „Понекогаш сонувам“, вткаен низ целокупното ткиво на сонетниот венец како периодично припомнување на духот што е подложен на моќите на Сон(от). Повторувањето што е својствено за припомнувањето го нагласува односот меѓу ритмичкиот размер на стихот и неговата смисла како паралелизам што е својствен за секоја лирска трансфигурација на содржините на просторот и времето поставени во широката рамка меѓу стварното и имагинарното. Во таа насока, Гоце Смилевски во поговорот на изданието ќе ја подвлече повеќезначноста во стиховите на Михаилова Бошнакоска посочувајќи ги притаените знаци „кои нè упатуваат на суштината на едно страсно и возбудливо постоење. Постоење кое стреми кон соединување на Тој и Таа, соединување кое колку што е вкоренето во телесното и материјалното, толку во себе носи и метафизичка димензија на надминување на границата помеѓу две човечки суштества, состојба во која Жорж Батај вели дека ја надминуваме ‘одвоеноста на нашето јас, кое ја губи свеста за себе само кога ги пречекорува сопствените граници, кое себе се губи во прегратката, во која се губи осаменоста на битието’“.

Оттука натаму хармоничната лирска ода на Михаилова Бошнакоска добива качество на фантазма поставена врз убедливи поетски слики како онаа во песната „Повик“: „Понекогаш сонува / а можеби и секогаш/ дека моите слики/ влегуваат во твоите/ утра кога стануваш/ така сè уште сонлив / се будиш во денот/ во кој мене ме нема“.

Припомнувањето е појдовна координата за секое митско кажување. Помогнато од копнежливата природа на сонот митското кажување на Гордана Михаилова Бошнакоска добива димензија на сафичко мечтателно настроение кое се расплетува во трагиката на последната песна „Нас нè нема“: „Понекогаш сонувам/ во белите ноќи/ ти идеш и килибарот/ ми го носиш/ така сосема гола/ се гледаме таму сме/ во едно во него збрани/ еден во еден/ нашата младост вечна / ја гледаме во овој дар/ во непостоечкиот килибар./ Нè нема“.

Вака осмисленото градење и разбивање на оничката фантазма за потрагата по имањето себеси заедно со воведувањето на драматургијата на сонот во сферата на небиднината како творечки чин на создавање едно, цело и завршено пеење несомнено се едни од достоинствата на стихозбирката „Килибар и младост“ од реномираната поетеса Гордана Михаилова Бошнакоска.





Осврт

821.163.3-93-1(049.3)

ВО ПОТРАГА И ПОТВРДА НА ВОЗБУДИ

ВАСИЛ МУКАЕТОВ: „ИМА ЛИ И СТРАНА ПЕТТА?“, АРС ЛАМИНА, СКОПЈЕ, 2024 ГОД.

Мишо Китаноски

Современата македонска литература за деца кај нас од поодамна е во криза. Поточно, на издавачки план, тоа не може да се рече, туку напротив, стана мода, но и поплава од објавување сликовници со „оригинално“ прераскажани/прецвакани приказни од нови авторски имиња, а од стари запишувачи на таквите народни умотворби. Но во едно се направи исчекор. Имено, илустраторите на сликовниците на општо задоволство сега станаа рамноправни автори на изданијата. И толку!

Се покажа дека современата македонска литература за деца не ги надмина трите втемелени/забетонирани правила: *прво*, поради социо-образовниот профил на авторите (сите родени на село и сите по професија учители со себе го донесоа својот рурален детски свет и спомени), *второ*, цврсто го приграбија и го спрегнаа својот несомнен талент во пишување поезија по строгиот принцип на Ј. Ј. Змај – В. Николески, да не се наруши „златното правило“, строфата на песната да биде составена од четири стихови, а последните зборови во стихот меѓусебе ќе се римуваат (1+3/2+4 или 1+2/3+4 или 1+3/2+3) и слични варијации и *трето*, темите/содржините беа безмалку најмногу опис на сè она што се случува во природата и тажење по изгубеното босоното селско детство. Од погоре споменатото само Славко Јаневски целосно се изделуваше по својата оригиналност во секој поглед од поезијата на другите. Тоа особено се однесува за втората генерација македонски писатели за деца, со исклучоци на нивни ретки излети во нови поетски „експерименти“ во својата поезија за деца на Видое Подгорец, Јован Стрезовски, Глигор Поповски, Бошко Смаќоски и Стојан Тарапуза.

Ова богато творечко наследство дојде до израз и во третата генерација македонски писатели за деца кои како најбројни автори силно се наметнаа со своето творештвото, како што се: Киро Донев, Милутин Бебекоски, Душко Аврамов, Рајко Јовчевски, Александар Кујунџиски, Македонка Јанчевска, Живко Николовски и др. А меѓу нив и Васил Мукаетов. Но, само тој/Мукаетов, се одлепи/оддели од оваа група автори кои ги „имитираа“ своите претходници како според градбата на стиховите (задолжителните четиристишија) и според темата / содржината во песната што беше најчесто слика на природата и селото, наменета за најмладите читатели – основците.

Поетот Васил Мукаетов својот поетски свет самостојно почна да го гради без отстапки и исцело посветени на детето во градот, се разбира, разбивајќи го дотогашниот познат модел на пишување/градење песни (со четиристишија. Всушност, тој свесно/несвесно изврши деконструкција на моделот на пишување песна, а во исто време изврши (за себе и за својата поезија) нова реконструкцијата на стихот, применувајќи го слободниот/бел стих. Оваа новина се случи благодарение и на уредникот на „Другарче“ Славко Темов, кој В. Мукаетов го прифати, го поддржа и му овозможи својот несомнен талент да го искажува и да го развива по свое, односно слободно и, во слободниот (ослободен) бел стих од веќе дотогаш прифатениот модел за пишување поезија за деца. Со ова тој му се приближи на Славко Јаневски, не само од првата, туку и од последната фаза на неговото поетско творештво за деца.

И, така поетот Васил Мукаетов, од година во година и во негов стил на пеење, нанижа/напиша и објави над дваесет книги со поезија во која исцело (како на дланка) се пее за светот, немирите, тајните и опкружувањето на детето само во градот, како и за односите меѓу членовите на семејството, со што си обезбеди посебно и заслужено автентично место во историјата на современата македонска поезија за деца. Потврда за тоа наоѓаме и во неговата најнова поетска книга „Има ли и страна петта?“, која за волја на вистината, само ја докажува и ја покажува, но и ја афирмира неговата нагорна линија во поезијата, барајќи/истражувајќи нови содржини/теми и нудејќи поетски одговори за младите, за тинејџерите. Дека е така и, дека кругот на неговото пеење е неограничен (внесувајќи ја и фантазијата како предигра во песната), поетот Васил Мукаетов и во оваа



Став

82-1:78

ПОЕЗИЈА И МУЗИКА

Ерол Туфан

Сооднос меѓу поезијата и музиката, покрај другите, можеме да го разгледаме и низ следниве четири аспекта:

1) како комплементарни уметности;

2) како обид за воспоставување хиерархија или пак субординација меѓу уметностите;

3) како езотерички спој на патеките – иницијацијата – духовноста;

4) како патишта на согорувањето на душата.

1) Во Франција обидите на устоличувањето на филозофско и теоретско (поимно) толкување на поезијата е активност што карактеристична првенствено за поетите: Бодлер, Рембо, Аполинер, Валери, кои се не само најпознатите француски поети, туку од 1850 година па наваму тие воедно се и најпознатите воспоставувачи на теоријата на поетското изразување.Тоа што ги одвојува од германските филозофи и естетичари што ја толкуваат поетската уметност е настојувањето на француските поети да не ги одвојуваат поимите и категориите во посебен филозофски систем. Наведените поети поимите од типот: „естети-

своја поетска книга е насочен и трага по некои отворени, актуелни, но и возбудливи прашања што се присутни и го мачат младиот читател, а тој едноставно трагајќи по одговори на многу неодговорени прашања – тргнува по непостоењето на петтата страна што се јавува како загатка од една страна, но и како задолжителен показ на песни за растењето и тинејџерството. Авторот со тоа нè уверува во неговата потрага по непознатото а потребно растење, и во трпеливоста и мудроста на зреењето во годините на пубертетот и, разделбата со детството. Оттука невидливото растење, но и темите како што е следењето на модата/да се слабеело, па сè до недофатливото: „мене ми е доста/мислење изнесувам/ ранецот на грбот (полн со учебници и учебник помагала, н.з.) што го разнесувам". И уште, авторот во својата песна (со наслов „Ако си во камп") ќе ги испее/искаже следните стихови: „Мобилниот – во џебот десно/стануваш во шест и вежбаш, овде сè ти е лесно", за да поентира: „Приказнава скроти ја. /Можеш да налеташ / и на – симпатија". Авторот најпосле поентира: „Што сè ќе се менува? Работата јасна/ и другарите ќе пораснат".

Песните во оваа книга како дел од потрага по петтата страна на светот, како да се собрани во следните три стиха /во раскошното/ пристишие од песната „На пат за пубертетот" каде авторот пее вака: „Не му бега од око/ и на училишното звонче/ сум поминал од дете во момче"". Ете, како авторот низ песната и растењето ја пронаоѓа /открива петтата страна на светот – поминувањето од дете во момче – тинејџер...

Најпосле, да се доречеме како и што почнавме – поетот. Васил Мукаетов пишува една (проширена) песна за сите немири и трепети во детската душа, за сите доживувања на денешното дете во градот (по тротоари и булевари) и пак, од почеток за растењето и постоењето. Но не може да се избегне најпосле и следното: не дека во некои песни нема и отповеќе зборови и рими, туку во забрзаноста песната да излезе на виделина, се подзаборава на целината што секако може да биде и вака и така. Едноставно авторот мора да внимава на рационалноста на употреба на зборовите во стиховите со цел да ја згусне песната и поуката, со што ќе се добие и пократка и послатка порака. Впрочем, поетот Васил Мукаетов, во својот поетски манифест објавен како песна пред триесетина и повеќе години, јасно и недвосмислено самиот се дефинира со стиховите: „Во овие кризи светски/ ти си запнал да пишуваш песни детски", за да се дореч во својот поетски манифест со овие стихови: „Ако. Со децата ми е лесно. /Тука е сè кристално и чесно".

Точно така се доживува и оваа збирка песни („Има ли и страна петта?") лесно и кристално јасно како предизвик и поттик дека сè има почеток и крај, но и како порака, децата така растат побрзо, кога тато и мама ги држат за рака!

ка на творецот“ , „естетика на поетот“ ги разгледуваат (или пак мисловно оперираат со нив) во контекст на поетскиот стил и поетската уметност, т.е. повеќето од овие толкувања ги формулираат директно во песните (значи во поетското). И затоа, според нив, теоријата на поетската уметност не е теорија на лирските текстови, туку, напротив, тоа е теорија на самото творештво.

Според Бодлер, поетската теорија или пак теоријата на поетското е всушност теорија на уметноста или пак треба тоа да биде. За него, слично како и кај Верлен, Рембо, Маларме модерната уметност на поезијата е сплотена со музиката и пластичните уметности (особено сликарството – во тој контекст релевантна е неговата книга за ликовните салони). Сите три вида уметност се навлезени една во друга, се надополнуваат, кохерентни се, конвергираат една кон друга и на крајот градејќи новум се комплементарни. Целта на сите уметности е иста – облагородување на човечкото опстојување. И затоа Бодлер остро се спротивставува на обидите поезијата да се израмни со науката или пак со моралот, тој ја брани апсолутната автономија на поезијата сплотена (една во друго) со музиката и пластичните уметности. Уметноста на поезијата е во постојана одбрана на оваа автономија и тоа го обезбедува со постојана потрага менување на уметничките форми на поетскиот израз во иста песна) која е одговор на потребата од новумот (новото што настанува). Новумот во поетското што се раѓа избликува и се презентира во самата песна. Овој став можеби повеќе од кај Бодлера е присутен во Рембоовото творештво. Уметноста на поезијата ги проширува границите на човековото восприемање на светот (не само надворешниот материјален, можеби уште повеќе внатрешното), просторот на перцепција преоѓа кон „непознатиот начин на мислење што е вон логичното, вели Рембо.

За Маларме уметноста на поезијата е преполовување на познатото по пат на симболите, активност на кршење на познатото. За Валери она што не може да се објасни (значи недофатливото во нас внатре) со помош на крајностите во досегот на моќта на зборовите да се обидеме да го исфрлиме надвор изразувајќи се низ поетското што се граничи со музиката.

Апсолутната поезија – именување за чистата песна е таа во која поимите на теоријата на литературата и уметноста на поетското, на поезијата – се навлезени една во друга.

И Лотреамон ги истоветува уметностите и теоретското во песната. Според него, новата поезија е е еден вид што се потпира на метапоезијата којашто има корени во музиката.

2) Вториот пример што би сакал да го посочам е композиторот Рихард Вагнер и неговото сфаќање на т.н. „мешана уметност – микс“. Историчарите на европската музика втората половина на 19 век ја именуваат како столетие на Вагнер. Не би навлегувал во анализа на сложеноста на аспектите на личноста на овој автор , ниту пак во неговото политичко становиште, ниту пак во неговите еклатантни „позајмици“ од Шубертовите лиедли, од Шумановите фантастики, од Листовите поеми или пак од од Бетовеновите симфонии, тоа е сепак работа на професионалците од сферата на музиката, поточно специјалистите на германската класична музика од последните три века. За нас се битни неговите ставови за т.н. „мешана уметност“. Според него: „Драмата треба да ѝ служи на музиката. Понатаму , збиднувањата на сцената ги конкретизираат апстрактните нешта што ги изразува музиката, сакајќи да ја допре суштината, која се крие зад реалниот надворешен свет“. Според Вагнер, „музиката ја изразува внатрешноста човекова, неговата волја, поривите“.

И затоа „мешаната уметност“ има за цел да ги исфрли низ музиката на виделина овие внатрешни пориви. „Мешаната уметност“ ги инкорпорира во себе театарот, сликарството, атхитектурата, литературата – пред сѐ поезијата – кои помагаат целосно да се објективизира, да се допре музиката. Другите видови на естетскиот израз служат да се конкретизира она што сака да го искаже музиката.

Очигледно е влијанието на Шопенхауер и волевата линија на идеалистичката германска филозофија. Впрочем, Вагнер тоа го признава низ следните зборови: „Според Шопенхауер, музиката никогаш не го толкува надворешниот свет. Напротив, само суштината ја изразува самата волја.Поривот и волјата се всушност сите возбуди, мотиви, наплатени и неостварени соништа, борби pro et contra длабоко во нас, разговорите со себе поттикнати од збиднувањата во надворешниот свет. И затоа музиката што ги изразува овие психички состојби во човекот – мисли на човекот, е неповторлива состојба. Додека другите видови на уметностите (вклучително и поезијата) говорат за сенките, музиката ја „раскажува“ суштината на човековото опсојување'.

Тоа е Вагнер и неговата „мешана уметност“.

3) Третиот пример во врска со темата што сакам да го посочам е поетот дервиш Џелаледин Руми Мевлана.....и неговата екстатична сема (танц) околу себе. Вртењето околу својата оска придружувано со музиката од нејот и говорењето стихови е најтипичниот пример на езотериското искуство кај дервишите мевлевии што го симболизираат осамениот човек на планетата и неговиот повик до Семоќниот во вселената.

Имено, во XIII век по долгиот и исцрпувачки разговор меѓу Руми и Шемс, двата дервишки пира во храмот во Конја – тогашната престолнина на Селчуцкото царство, навидум статичниот Мевлана излегува на прошетка по градските улици. Кога стигнува на пазарот движејќи се меѓу тезгите полни со зеленчук и овошје, одеднаш почнува да се врти околу себе како планетата Земја околу својата оска. Левата рака му е подигната и со отворена дланка кон небото, а десната рака спуштена кон почвата, исто со отворена дланка. Подоцна поетот толкува дека тој со левата рака зема од небото т.е. од Севишниот, а со десната ѝ дава на земјата, на народот. Од аспект на темата овде е битна музиката на нејот, танцот на дервишот и стиховите што ги говори. Телото на дервишот во транс е само релеј на Божјите пораки (слично како во толкувањето на Платон кој што вели дека поетот е само пренесувач). Учењето на Мевлана е едноставно – преку музиката, танцот и поезијата сплотени во едно, суфиите преку еден мистичен пат (трансот) го откриваат Бога, кој е длабоко во нас, а не некадее надвор, уште помалку во некои зданија или пак обелисци, изработени од човекот. Овој вид езотеризам (мислам на редот на мевлевиите) зборува за иницијација што е напластена во нашите опустошени души. Ние следејќи го тој пат, говорејќи стихови, проследени со музиката танцуваме вртејќи се околу себе и доживувајќи транс се ослободуваме од надворешното, пред сè, од телото и замките за душата што тоа ги носи со себе. Само чист и ослободен дух како ситна прашинка може да ја осознае вечната Енергија, оти како што вели Мевлана: целта на секоја капка е еден ден да се спои со морето.

Или пак ова е во склад со ритуалот што се обикновува во храмо , кога сите дервиши се вртат прво околу себе, а сите заедно чинат кругови околу шејхот (поглаварот или пак старешината на редот дервишки) кој е статичен на едно место во кругот.Тоа е симболизација на обиколката на планетите околу Сонцето од една страна, или околу себе гледано, индивидуално. Иако човекот е дел од одредена заедница (дервишкиот ред) сепак во основа тој е сам и вдаден кон себе и Богот кој е и во него и во вселената. Единството на макрокосмосот и микрокосмосот симболизирани се низ семата. Основната филозофија на семата е создавањето на космосот, раѓањето на човекот во вселената, од човек по себе втасување до позиција на зрел човек свесен за Бога и за себе. Нормално потребни се години и години служба во редот, поминување низ повеќето фази на ослободувањето од баластот надворешен за да се втаса до рангот на марифетот (способноста да се биде свесен). Нормално и самата облека на дервишите ја симболизира мевлевиската филозофија. Долгата капа (сикето) е неговиот камен на гробот, белата долга кошула (тенуре) е симбол на белото памучно платно во кое се обвива телото на мртвото тело кај муслиманите, палтото што се наметнува врз телото е гробот на дервишот. Всушност со ова нам на гледачите ни се дава до знаење дека дервишот мевлевија, според сфаќањето на Мевлана, го има убиено своето Его, за него физичката смрт е ден на свадбата, кога ќе се ослободи од физикусот и ослободениот дух ќе се врати кон верникот, т.е. кон Бога.

4) Четвртиот пример е еден модерен трубадур, чијшто концерт го проследив во Истанбул пред да дојдам да говорам на Сипозиумот на 48. Издание на СВП во Струга. Министерството за култура на Македонија во соработка со УНЕСКО можат да го донесат овој вонсериски музичар и поет, овој средновековен рицер кој зашетал меѓу електронските гитари во Струга и неговиот концерт би придонел многу во популаризацијата на поезијата во светот. „So long Mariane" сите ја знаеме и си ја потпевнуваме. Можам слободно да речам дека доколку животот на секој поет учесник овде на меѓународниот фестивал СВП би горел со иста жар како што гори творештвото на овој трубадур, тогаш ќе нема место за пепел, ветерот на музиката ќе ги одвее во вселената сите зборови и молкови од нашите песни како енергетски дискови што се трудат да објаснат една вечна љубов – или кажано во стилот на Ф.Ниче – една вечна праенергија или оган што е населен во крвта на секој творец уште при распукувањето на вселената. Заокружуваме со нордиски речник: го чекаме Рагнарок повторно да се споиме во мечот мисла сочинет од оган.

Ете, тоа се моите кратки размислувања исфрлени како енергетски стрели и оформени како зборови што сакав да ги кажам овде смирувајќи го својот внатрешен творечки оган во езерско-речната, т.е. Охридско-струшкодримска вода што тече кон поголема, морска вода...





Поезија

821.163.42-1

ПЕСНИ

Марјан Гракалиќ

ЉУБЕЊЕ

Кога се слушаш самиот себеси
се слуша жуборот на вревата на животот
во неа те повикува и мојот глас
кажувајќи го твоето вистинско име
познато само за тебе и за мене
во песната којашто се довршила
заради тој бесмртен дух
што ги знае сите зборови на светот
а е само еден, Љубовта, на светот.

ЧЕКАЈ МЕ И ЈАС ЌЕ ДОЈДАМ

Чекај ме и јас ќе дојдам,
пишуваш и додаваш како
не си исчезнала, ние сме
и така на кратко патување
во нашите сништа,
сè е бесрамно во сонот
а утрото само го потврдува
тоа дека без заборав нема
живот, затоа чекам
повеќе отколку што се сеќавам.

ЧУВАЈЌИ МАЧЕ

Синилото се собрало на крајот од улиците
минувачите ќе го понесат со себеси
и жената што го чува мачето од службата.

Нејзините очи уморни од немирот
тогаш ќе се променат, а затворените
мисли стануваат осветлени глетки.

На нив мачето преде врзувајќи ги
звукот и животот со следните денови,
тоа знае што и како треба да им сплете.

ОСТРОВОТ НА МЛАДОСТА

Ги зачувува врежаните спомени, тука е
свилениот сјај на тагата, но и недосонуваниот хоризонт
долу на плажата под старата воденица
брановите носат сè што е потребно
да се уништи до крајот како полесно
да би исчезнало во бескрајното море.

ГЛАСИНИ ЗА НЕПОЗНАТИОТ КОНТИНЕНТ

Дојдоа во морнарските приказни
неверојатни како сребрени чуда
скриени зад синото море.

Велат дека времето стои на тоа
па затоа е тешко да се одреди
без да се оди подалеку и да не е порано.

Сè се открива во свое време душата
просторот, телото, внатрешното битие
кога животот престанува да постои.

ЗЛАТНОТО РУНО

Темно е во ноќта и ветрот го носи звукот на туѓите чекори
од терасата, сега сме повторно ние, овде на масата,
живи и исто така имагинарни, желни за големите дождовни капки
како и за нас самите, во мигот кога ќе се издигнеме над
болестите и границите, всушност, целите векови, нема да
ни се случи
ништо ако овој свет се урне, бидејќи
одамна нас нè напушти одењето по вода,
сега нашите слики
ги носиме со нас во сопствените гради
налик на ветувања и тука нема никаква друга полза,
бидејќи во пустата земја тоа е богатство, златното руно
излегло од сенката, зрелост над сите очекувања.

Препев од хрватски јазик на македонски јазик
Марина Мијаковска



Ликовна рецензија

7.036/.38(497.7)(06.064)Масин, М.

СЛИКАРСКИОТ СВЕТ НА МАГИЧНИОТ МАСИН

Александар Василевски

Мирослав Масин спаѓа во групата на најплодните современи македонски сликари кој завршил во класата на Петар Мазев, а како знак на почит кон својот професор неговиот сликарски потпис е поврзан со Мазев.

Кога станува збор за изложбите на Миро Масин кај публиката се јавува интерес на ист начин како кога се пробудува пролетта, но колку што е изложбата ретроспективна со примамлив наслов „**Подобро на гранка отколку заглавен во лифт**" тогаш љубопитноста е двојно поголема.

Таква беше и оваа иложба, а се чини мал беше просторот на Даут-пашиниот амам да ги собере сите љубопитни физикуси сочинети од разновидни професии, како што се: историчари на уметност, актери, професори, правници, фотомодели. Оттука некои од нив мораа да бидат трпеливи на вратите, за да стивне првиот бран за потоа да влезат.

А поинаку не може ни да се очекува кога станува збор за мисје Масин кој сам по себе е феномен на харизматично бонвиванска природа шро успешно владее со сликарската четка веќе неколку децении и го создава волшебниот свет на фауната сочинета од мајмуни, птици и риби насликани со вештата рака, својствена особина за големите мајсори.

Но да започнеме со ред...

На самиот влез од поставката челно го забележав „Автопортретот", а до него како изложбен експонат на многу вешт начин на самите фармерки беа насликани апстрактни фигури.

Отсекогаш сум бил голем љубител на класичната уметност во која триумфираат сликарски гиганти како, на пример, Дирер, Вермер, Ботичели, Енгр, Дега и други, па затоа не губев многу време и веднаш се упатив во холот на портретистите. За мене ова беше освежување, но истовремно и пријатно изненадување од умешноста на Масин, затоа што претходно се немав сретнато со ваков вид портрети.

Портретот во кој е насликан „Човекот со јаболко"е претстава што на момент ве тера да размислите дали човекот вам ви го (по)дава јаболкото да го вкусите или...

Сосема поразлична мистика содржи во себе „Дамата со медаљонот" на градите, која е во опуштена состојба.

„Жената со ружа" е насликана е во париско сина боја, а на кошулата во фронталниот дел доминира пастелен колорит со вешто затемнета заднина; има и портрети со огнено жолта боја во игра меѓу цинобер и ултра марин.

Во циклусот „Риби" некои од сликите како да се во дослух со Шарден, но Масин успева до перфекција да го извлече максимумот на ихтисот сервисирајќи ја до гледачот.

Во средношколските денови успеав да го запознам Масин како ексцентричен надреалист со својот фамозен проект во Зоолошката градина. Ако не се лажам, неколку дена беше отседнал во кафезот со мајмуните сакајќи да потврди дека не само што не се разликуваме со мајмуните туку и дека сме во тесна врска со нив.

Оттука кај него се раѓа инспиративниот импулс за мајмунот каде што преовладува браон колоритот во синтеза со човекот. Претставата на мајмуните беше насликана во неколку фази; со свесна човечка стилизација, но и една халуциногена рефлексија од Херонимус Бош со претстава на мајмунот како да е навлезен во детска игра.

Не помалку талент покажува и претставата на штркови, но кај мене особено внимание пробудија орлите, симбол на храброст, издржливост, работени во комбинирана техника: темпера, туш, пастел; но ништо помалку не заостанува и во приказот на птиците.

Во мали формати можеа да се видат буфови, риби, петли, но не знаеме дали мислел на „Црвениот петел" од истоимената песна на „Ролинг стоунси", но во секој случај има богата фауна што ги исполнува срцето и умот.

Масин и во графиката покажува завиден тален во „Птици на жица".

Една од неговите најоригинални слики е метаморфозичниот акт „Гола жена и маж" кои се свртени еден со друг .

Оригиналноста на Масин не застанува тука, едноставно како неговиот ентузијастички порив да нема крај, а како дополнителни експонати беа и музејското пијано насликано во духот на изложбата, но и автомобилот во дворот.

„Автопортрет на Масин" се наоѓа во центарот на платното, а над него лебдат сликарските четки посочувајќи ни ја неговата професија и, секако, најЉУБОВната слика на авторот е „Масин и жените" каде што тој е позициониран во зенитот на женскиот свет, а околу него како љубовна аура опсипан е со безброј женски бакнежи за што одамна имаме потврдено дека човечкиот двигател па можеби и најголема инспирација е светот на ЖЕНАТА.



Поезија

821.18-1

ПЕСНИ

Мимоза Ахмети

ЧУДНО Е КОГА СИ ЖЕНА

Готова сум за плач. Се чини божем
Растреперена ѕвезда во моите очи. Не можам да
поднесувам
Нервите ми се напнале и се настрвиле
Едни кон други.
Слична на кенгур со кенгурче во џебот
Прилега мојата силуета оддалеку,
Овде на брегов.

Готова сум за плач. Трудна сум.
Веројатно меките зачетоци сега
Ги креваат тврдите капаци во водата
А морските ѕвезди се насочуваат
Кон некое волшебно патешествие.

Чудно е да си жена...
Сте ја виделе ли природата кога се ожесточува?
Кога беснее и урива сè,
Кога како чудовиште ги допира урнатините на негацијата
Потоа, потоа таа лесна и спокојна
Со големи убави очи
Го чека продолжувањето, раѓањето на детенцето.
На брегот од морето кај што е готова да плаче, да плаче
Затоа што е трудна. Во тој час од денот кога меките зачетоци
Ги откриваат тврдите капаци во водата
а морските ѕвезди се насочуваат
кон некое волшебно патешествие.

ТИ ЌЕ ЗАМОЛЧИШ

Ти има долго да молчиш во тој ден,
Можеби засекогаш во таа ноќ,
Кога ќе ја снема
На загубената Земјина топка
Мојата горда става со силни како кај птиците очи
Коишто ѝ припаѓаат само на слободата

И коишто ти толку многу ги сакаше.
Ти има да молчиш, момче.
Ти има да молчиш, машко,
Ти има да молчиш, мил мој. Кога мене ќе ме нема.
И твојата глава навалена врз моето рамо
Има да молчи.
Ох, нема да биде повеќе тоа молчење
Едно од оние коишто носат приближба.
Тоа ќе биде големо молчење,
Ќе биде молчење на отсутност,
Молчење на твоето престорување
Во еден, во еден, во еден.
Ти, којшто со мене секогаш беше двајца
И сепак еден,

Но, никогаш чедо на самотијата.

Ти ќе се замолчиш,
Ти, којшто толку малку зборуваше и го тресеше молкот,
Ти, кај кого зборовите прилегаа на ретките школки,
По кои долго трагав за да ги најдам.

Ќе молчиш ти
Кого што толку многу го љубев,
Престорувајќи се во машко како илјадници други
Ќе молчиш. Ќе станеш. Ќе заминеш оттука.
Ќе заминеш, аргату мој, исполџијо, ќе исчезнеш,
И тука нашата историја ќе заврши,
Послушувана од ѕвездите
Коишто ние со раце ги ловевме од покривите.

ПИСМО ДО МАЈЧИЧКАТА

Мајчичка,
Нека никој не го чита ова писмо освен тебе,
Тоа не е тајновито, но сепак не сум толку силна
За да победам со тоа што ќе го кажам:
Тирана е сосема еднолична
Со мракот на ниските куќарчиња,
Со изморените зимски улици,
Со петнаесеткатното здание сред градот,
Изградено како мојата утопија,
Со удвоени стражи на раскрсниците кај амбасадите,
Со бледи јунски полицајски клукајдрвци.

Нешто претчувствувам, мајчичке!
Никогаш државата не била толку против човекот,
Никогаш предавството на мажите не било толку на мода,
Никогаш не спиеле ноќите со толку тежок сон,
Ниту пак жените биле толку поттурнати.

Ќе ти кажам јас тебе, драга, опасноста од смеење
поканува
Со распарчен карактер што се јавува како дел од
општествената пукнатина,
Се предлагаат задачи, пријатели и многу познајници,
Сите со звучни имиња во општеството
Но со ниска тензија во животот,
Коишто се напрегаат да се закачат за мене
И не успевајќи да се кренат и мене ме уриваат.

Мила моја, не тревожи се,
Јас ќе ги сомелам, ќе ги столчам,
Да речеме како во машина за мелење месо
Во моите стихови.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Борче Панов

ВЕТЕР ОД ЛЕГО КОЦКИ

ветрот дува во времето
и ги мрда ролетните како лего коцки
за да го намести невремето

надвор застана небото
како некој кој конечно се вратил дома
ги разврза врвките на вечноста
зачекори по тревата
и погледна кон мачката што со јазичето
пиеше вода од локвата
и гледаше како локвата го испива
во нежни концентрични кругови

и сите се испаничивме
дека ќе нè испие мачката со сите згради
со пролетта и сите глувчиња
што се огледуваат и во последната капка вода
и дека последното што ќе го видиме
ќе биде киклопското око
на вселената темна
од која ќе долетаат серија
од интерконтинентални ракети

се испаничивме се испаничивме дека небото
ќе заврне со сета вода од телото свое
дека ќе нè потопи во водата на белите ни дробови
дека времето и невремето
ќе играат покер за последните секунди
дека ќе победи идејата дека
никогаш не сме ни постоеле
сите сите се испаничија само не и враните
што спокојно си шетаа по грбот на коњот
и си кубеа влакна
и со цели валми во клуновите
сосема природно и надвор од времето
одлетуваа да го плетат домот свој
а дождот беше топол
врнеше и нежно испаруваше од грбот на коњот
сосема сосема надвор од времето
додека пролетта незапирливо
незапирливо пупеше и се листаше
сосема сосема надвор од времет

ПЛОДОВИТЕ НА РАЈОТ

застанав на плоштадот
а невидлив бев
како празнина од една неслучена љубов

одеднаш сите твои погледи
како колибри долетуваа од секаде
и застануваа на она што бев јас

ме создаваше и велеше
ти отсекогаш постоиш
и одеднаш сите бранови твои
ме заплиснуваа
и издигнуваа како светилник
од кој ги довикував изгубените корабите

и бескрајна лента на сонцето бев
што трепери со сите крлушки на морето
и се шири
со мирисот на слатко од смоква и лимон

одеднаш од твоите
раце капеше млекото
од плодовите од рајот

ДОМ

Одеднаш јато ластовички
со по едно залче глина во клунчето
ми ја вајаа раката

Одеднаш јато ластовички
со по едно залче светлина
ти го градеа лицето

Одеднаш со дланката на пролетта
ти го помилував лицето
а нашите тела одвнатре стануваа дом



150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА КРСТЕ П. МИСИРКОВ

323.1(=163.3)

КРСТЕ П. МИСИРКОВ ВО 1914 ГОДИНА

Тешко чувство остави во душите на мнозина Словени минатата 1913 година. Многу надежи, многу исчекувања се разбија и се разлетаа во прав. Разочараност ги зафати Русите, Чесите, Бугарите и другите Словени.

Знаете ли вие, читателе, нешто за Македонците? Има на светов и такви Словени; тие многу преживеаја, имаат многу славни страници во својата историја и огромни заслуги во историјата на словенската култура: тие водеа очајна борба за својата слобода. Вие сте читале и бездруго дури и сте слушале за нив. Тие имаат толку прекрасна земја!

И тие, тие Македонци, останаа повеќе од кој и да е друг разочарани во минатата година. Таа година им ги уби надежите за подобра иднина, ако не засекогаш, барем за многу години. Наместо да го постигнат вековниот идеал – ослободувањето на Македонија од ропството, – тие само го заменија турското ропство со ново – грчко и српско. Треба ли подробно да се навлегува во причините за жалната судбина на Македонија? Ако треба тоа да се направи, тогаш ќе треба да дојде до прилично многу навреди, зашто не секому му е пријатно да ја чуе вистината за своите свесни или несвесни грешки. А има и свесни грешки во неодамнешното решение на судбината на Македонија. Свесноста се состои во тоа што врз поделбата на Македонија се правеле невистинити и погрешни сметки што дадоа сосем неочекувани резултати.

„Македонија и славјанството“, 1914

Борејќи се за словенското дело и бранејќи ја Србија од Швабите, македонскиот народ не може да не сака што побрза и полна победа на руското, словенското и сојузното оружје над суетното и горделиво германство. Како резултат на таа победа македонскиот народ очекува да зацари мир, правда и слобода во словенскиот свет, а исто така да бидат уништени и творбите на непријателите на словенството — Берлинскиот и Букурешкиот договор, првиот од кои ѝ ја врати на Турција ослободената од руските војски и со Санстефанскиот договор Македонија, а вториот создаде од Македонија втора Полска, распарчувајќи ја на три дела и давајќи им ги на Србија, Грција и Бугарија.

Како татковина на словенските апостоли светите Кирил и Методија, на словенското писмо и на древниот литературен и црковен јазик на целото православно словенство, имајќи ја најдревната словенска култура, како земја што ја одбрани својата национална словенска самобитност во текот на 1400 години, издржувајќи ја најупорната борба со исконските непријатели на словенството на Балканот: Грците и Турците, при што последниве 20 години во историјата на Македонија претставуваа постојано и сеопшто востание на Македонците против Турците, Македонија со учеството во Првата балканска војна против Турција и во борбата на Србија со Австро-Унгарија си ги заслужи истите оние ветувања и истата онаа награда како и раздробената на три дела Полска.

Говор одржан на Општословенското собрание, Одеса,

Ако се земе предвид дека 1903 година стои токму на средината помеѓу почетокот на македонското четничко движење и неговиот крај, предизвикан со сојузничката војна против Турција за ослободување на Македонија, во која зедоа најдејно учество самите Македонци, тогаш излегува дека Македонците во текот на цели две децении водеа рицарска постојана и непрекината тешка борба против силната Турција за ослободување на својата татковина од турското ропство. И борбава не беше бесполезна. Постепено таа водеше кон решение на македонското прашање во интерес на самите Македонци: Мирцштегската програма, Финансиската контрола над македонските вилаети, Ревелските реформи и др.

Кога се појавија бугарско-српскиот, бугарско-црногорскиот и бугарско-грчкиот сојуз и започна Првата балканска војна, нашето одушевување беше бескрајно. Македонците од сите страни на светот побрзаа да земат учество во војната против вековниот непријател. Тие се бореа храбро и им укажаа суштествени услуги на сојузничките армии.


Но... скоро стана јасно дека нашата татковина ќе биде раздробена и поробена од сојузниците. Ослободителната војна скоро се претвори во завојувачка војна и наместо ослободување од ропството, Македонија беше раздробена и потпадна под ново, полошо, трајно ропство на Србите, Грците и Бугарите.

Никој не ни загатна за автономијата на Македонија; спореа само за делбата. На таа почва се судрија и разделбата дојде не врз основа на предварителниот договор, ами врз основа на тупаничното право.

Тоа право остана да господари во Македонија и до ден-денеска.

Тупаничното право на бившите сојузници напомнува на првите децении од турското владеење на Балканскиот Полуостров, кога победниците Турци го избиваа машкото население, ги одведуваа и ги бесчестеа жените, ги одземаа црквите и манастирите, ги избиваа свештениците, монасите, учителите, ги уништуваа книгите и другите предмети на христијанската култура. Ова е полошо од турскиот режим во XIV век, зашто Турците не ги тераа од ред сите христијани да си ја променат верата и народноста, како што прават сега дивјаците од XX век во Македонија. На Македонците им ги зедоа црквите, манастирите и училиштата и се грижат да ја уништат целата самобитна култура на населението, сè до симнувањето од ѕидиштата на ликовите на светите Кирил и Методија, на св. Климент Охридски; портретите на македонските борци за слобода - војводи и четници, ги кинат на парчиња, ги газат со нозе свирепите победници; ги изменуваат имињата и презимињата на Македонците, а да не зборуваме веќе за грабежите, убиствата и насилствата што не отстапуваа по ништо од таквите турски подвизи, кои се воспеани во нивниот национален епос за Крале Марко.

„Борба за автономија“



95 години од раѓањето

821.163.3-1

ПЕСНИ

Матеја Матевски

Целиот живот ми се спомените

Што ми е грижа што било лага
и каде водела измамна трага?
Целиот живот ми се спомените

И за преоценка да дошло време
не може никој нив да ми ги земе
Целиот живот ми се спомените.

По моја волја тие се редат
и илузиите нешто да вредат.
Целиот живот ми се спомените.

Јас сам над нив само над нив со власт крајна
создавам со нив родина тајна.
Целиот живот ми се спомените.

Залез

Румено. Румено. Румено.
Како занесена песна
во синото море
на горите
тоне
залезот.Од тревите до кавалот
од стадото до облакот
сè е бујно
запалено.
Од градите до песната
од чекорот до чешмата
сè е чудно
разгалено.
Стадо в кавал заљубено
ѕвоно в песна изгубено
око в божур залудено
Румено. Румено. Румено.

Ѕвона

Некаде ѕвони. Некаде далеку ѕвони.
Звуците се бранови на ветрот
низ тревите подгонети.

Некаде ѕвони. Продолжително остро и нежно.
Глуво е сè. Сал ритамот
плиска по брегот на железото.

Некаде ѕвони. Шибни ме високо и бездно.
Бегајте низ кавезот звучен
глуво и безнадежно.

Некаде ѕвони. Малечок ѕвонам и врискам.
Сè е затворено. Опчинет
за звуците сум виснал.

Некаде ѕвони. Удри ме. Колку сум храбар а питом.
Време, удри и ти по спомент
грубо и незаситно.

Некаде ѕвони. Премногу дамна и сега.
Сè боли, небо. По тревата
на звуците познати легни ме.

Претчувство

Еден трепет по местата познати
зошто се игра со праменот на моите мечти
Што бара тагата издајничка во очите
Еден нем допир
Зар пробудува едно болно врискање.
Тоа не е бледа длабочина
и не е подмолен вир
Извор е што постојано пени
со својот зелен крик

Будење

Во мојата сонлива соба се разлеаја очите на денот.
Тие заиграа во смрзнатите шари на ѕидојте
и од нивниот насмев оживеа мртвите цвеќиња
Остриот мирис на сеното
слеан со песната птичја под стреата
се занесе над постелата.
Еден љубопитлив зрак се гушна со моите коси
и ритамот на бледите раце
ги изненади градите уморени.
Селската врева ги бакна усните замислени
и очите запловија
во зелените езерца на ридовите.



821.163.3:06.05(497.7)"2023"

ВРАЧЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2023 Г.

На 18 септември 2024 година во Друштво на писателите на Македонија беа врачени традиционалните годишни награди на ДПМ за 2023 година, а со што се одржа континуитетот на најзначајната манифестација во Друштвото.

Од пријавените дела за наградата „Стале Попов" за најдобро прозно дело во најтесен круг влегоа „Ако се родат некакви чувства" од Блаже Миневски, романот „Заборав" на Томислав Османли и збирката раскази „Вонземјанки" од Влада Урошевиќ. Добитник на наградата „Стале Попов" за најдобра прозна книга во 2023 година е романот „Ако се родат некакви чувства" од Блаже Миневски, во издание на „Матица македонска". Наградата „Стале Попов" беше доделена од комисијата во состав: Гордана Јовиќ-Стојковска (претседателка), Оливера Ќорвезироска и Стефан Марковски (членови).

За наградата „Ацо Шопов" за најдобра збирка поезија што ја доби „Коњски житија" од Зоран Анчески, во издание на „Арс ламина", одлучуваше жири-комисија во состав: Елена Пренџова, (претседателка) и Снежана Стојчевска и Зоран Јакимовски (членови). Финалисти за оваа награда беа и стихозбирките: „За сите времиња" од Братислав Ташковски („ПНВ публикации") и „На врв на јазикот" од Катица Ќулавкова („Арс ламина").

Публикацијата „Птици во аквариум надреализам:1924-2024" од Лидија Капушевска-Дракулевска и Влада Урошевиќ, во издание на „Полица", ја доби наградата „Димитар Митрев" за 2023 година за најдобра книга, критика и есеистика. Изборот ја направи комисијата во состав: Иван Додовски (претседател) и Соња Стоименска-Елзесер и Елизабета Бандиловска (членови). Финалисти за оваа награда беа и книгите: „Просто и строго – Конески" од Иван Антоновски („Матица македонска"), „Живот во ролни" од Горан Тренчовски (самиздат) и „Два опита (Конески и Старделов)" од Ивица Џепароски (Филозофски факултет).

Наградата „Ванчо Николески" за најдобра книга за деца и млади ја доби „Земјата на заборавените сказни" од Билјана С. Црвенковска во издание на „Чудна шума". Ова дело е напишано според идеја на Симон Трпчевски и Билјана С. Црвенковска, а илустрирано од Оливер Колаески. Одлуката е на тричленото жири: Сузана Мицева (претседател), Наум Попески и Стево Симески. Финалисти за оваа награда беа и делата: „На крилјата на самовилското коњче" од Александра Велинова („Едука Мак") и„Рокчето" од Никола Маџиров („Арс Ламина").

НАГРАДА „СТАЛЕ ПОПОВ" ЗА ПРОЗА „Ако се родат некакви чувства" од Блаже Миневски

Романот на Блаже Миневски – „Ако се родат некакви чувства" е комплексен роман, историографска метафикција разгранета со барем две странични жанровски меандри, документаристиката и фељтонистиката. Во рамките на најширокатa одредница дека „Ако се родат некакви чувства" е роман за Гоце Делчев и неговата љубена Јанка Каневче, Миневски внел цели минати и сегашни, познати и непознати светови кои го воспеваат чувствувањето, припаѓањето, повторливоста на (не)сакањето порано, сега и секогаш; овде и каде било на светот. Македонската факција е искористена за универзална фикција. „Ако се родат некакви чувства" е роман за Гоце Делчев и Јанка Каневче, но и многу повеќе од тоа – роман за светот виден одеднаш низ времињата и просторите. Употребувајќи за првпат објавени автентични сведоштва за тајните средби на Гоце и Јанка и за нивните интимни моменти, Миневски испишал нови страници за стари љубови, нови истории застари вистини, но и обратно.

„Ако се родат некакви чувства" е длабење во историјата, во знаењето, во светската книжевност; длабење во

чувствата, од љубените на нашите револуционери на чело со Јанка Каневче на Гоце Делчев, преку љубените на големите автори – Флобер, Есенин, Мајаковски, Достоевски, Елијар, Лермонтов, Кафка,.. сè до Бадема, еден исклучителен лик во нашата книжевност, жена во „фустан од новинска хартија" која чистејќи ја реалноста, на извесен начин ја прочистува и фикцијата. Вакво копање, длабење, чепкање, окопнување на заблудите, воскреснување на зборовите, речиси форензично истражување на минатото со најпрефинети свилени книжевни ракавици од сегашноста остава бележита трага во домашната продукција, значајна кота до која дошол Миневски, но до која дошла и современата македонска книжевност.

НАГРАДА „АЦО ШОПОВ" ЗА ПОЕЗИЈА
Коњски житија" од Зоран Анчевски

„Коњски житија" од Зоран Анчевски веднаш се наметнува и истакнува со својата необичност како уникатно и неповторливо дело во современата македонска книжевност. Станува збор за лирско-епско поетско дело структурно поделено во пеења и стихувани драмски монолози, вклучително и вовед и епилог, кои како целина градат стегнато оформена поема, а како засебни делови функционираат како лирски песни. Во однос на структурата, „Коњски житија" се одликува со мајсторство и умешност на стихот, односно со голема прецизност и контрола на поетското „техне", очевидни не само во градбата на строфите, туку и во внатрешната озвученост на стиховите, кои следат фонолошко-контролирана низа. Во однос, пак, на содржината, „Коњски житија" е единственото дело од овој поетски жанр во македонската книжевна традиција чие пеење се одвива од анимална фокализација, поточно од фокализација на коњите кои пеат за човештвото и цивилизацијата воопшто. Следствено, „Коњски житија", меѓу другото, е и длабоко интертекстулано дело кое со своите видливи и скриени интертекстови гради силни и длабоки интертекстуални вмрежувања со традицијата, митологија, фолклорот, историјата, литературата, културата и колективната меморија, та преферира, иако не нужно, компетентен читател. „Коњски житија" убедливо претставува ремек-дело, првично во однос на идејата и замислата, потоа и во реализацијата, односно структурата, техниката и содржината. Пред нас е исклучително дело со голема жанровска, културолошка и литературна важност.

НАГРАДА „ДИМИТАР МИТРЕВ" ЗА КРИТИКА И ЕСЕИСТИКА

„Птици во аквариум: надреализам, 1924-2024" од Лидија Капушевска-Дракулевска и Влада Урошевиќ

Книгата „Птици во аквариум: надреализам, 1924-2024" од Лидија Капушевска-Дракулевска и Влада Урошевиќ претставува уникатна и комплексна критичко-есеистичка опсервација за надреализмот, како една од најзначајните појави во светската литература и уметност на дваесеттиот век, која има непобитни рефлексии и во современоста. Двајцата автори ги посочуваат клучните аспекти на ова струење, давајќи хронолошки преглед на неговата распространетост во Европа и во светот и претставувајќи ги родоначалниците и истакнатите претставници, како и основните креативни техники и преплетите на надреализмот со други стилски формации. Што е особено важно, во книгата се проследува и проникнувањето на надреалистичката парадигма во автохтоната македонска книжевност преку анализа на поезијата на М. Матевски, П. М. Андреевски, Р. Павловски, Б. Ѓузел и на самиот В. Урошевиќ. Книгата обединува критика и есеистика, уметничка литература и книжевен превод, прецизен научен пристап и личен афинитет, како и книжевна критика со критика на визуелните уметности. И со самата техничка изведба, книгата се наметнува како еден вид библиофилско издание, привлечно не само за книжевните специјалисти, туку и за љубопитни читатели. Со својот осмислен концепт, контекстуален опфат и јасен стил, оваа книга дава евидентен придонес во толкувањето и на македонската поезија како специфичен дел на книжевната авангарда во светот.

НАГРАДА „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ"
ЗА КНИГА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ
за „Земјата на заборавените сказни"
од Билјана Црвенковска

Пиесата „Земјата на заборавените приказни" на авторката Билјана Црвенковска е возбудлива приказна која на суптилен и нежен начин комуницира со детето, покажувајќи му еден поинаков свет полн со авантури далеку од градската врева и технологијата.

Руралната средина е совршена децата да се поврзаат со природата, да се поучат на традицијата и да се впуштат во креирање на волшебно место кое по своите белези упатува на народната сказна, но, содржи и многу елементи од митовите. Првичната идеја на авторката да напише пиеса што ќе зборува за безвременските вредности, е развивана мошне внимателно, низ досетливи дијалози, суптилен хумор и ненаметлива дидактика. Особено се истакнува функцијата на илустрациите кои се во склад со текстот, ја следат приказната, но и ја прошируваат нудејќи им соодветни визии на децата за сцените, а притоа оставајќи доволно простор детската фантазија да ја продолжи креацијата.

Со извонредни илустрации и внимателно избрани зборови, ова дело е мост помеѓу минатото и сегашноста, нудејќи им на младите читатели можност повторно да ги откријат древните приказни што живеат во срцата на луѓето.

Земјата на заборавените сказни е магично патување, кое ја оживува мудроста и убавината на старите легенди и преданија. Носејќи ги низ нови авантури, оваа книга упатува на приказните кои биле предавани од генерација на генерација, но со текот на времето биле заборавени. Приказната зборува за еден необичен летен одмор на две сестрички и братче, кои на гости на село остануваат без мобилните телефони и принудени се да се забавуваат со книгата со стари приказни и да смислуваат игри во блиската шума. Токму природата ќе биде повод за едно сонливо патување низ годишните времиња, полно со мистериозни суштества, волшебства и скриени светови кои постоеле во фантазијата на децата, но бил потребен допирот со природата за тие да се развијат.

Земјата на заборавените сказни носи посебна порака за животот, љубовта, семејството и природата, потсетувајќи нè дека и најзаборавените приказни можат да го разбудат нашиот дух и да нè инспирираат да го видиме светот со поинакви очи.



821.163.3:929Миркуловска, Б.

IN MEMORIAM
БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА (14.3.1930-17.9.2024)

Бистрица Миркуловска беше поет, македонист, раскажувач, писател за деца и преведувач. Завршила Филозофски факултет во Скопје и постдипломски студии од областа на македонистиката. Работела како професор на Филолошкиот факултет во Скопје. Била лекторка по македонски јазик и книжевност на Масариковиот универзитет во Брно, Чешка.

Авторка е на книгите: „Цвеќенца“ (поезија за деца, 1960), „Градинче“ (раскази за деца, 1962), „Првачиња“ (поезија за деца, 1972), „Празнични виделини“ (поезија за деца, 1979), „Виножито“ (раскази, 1979), „Сите деца мили“ (поезија за деца, 1982), „Ѕвездена“ (бајки, 1986), „Виделина“ (бајка, 1989), „Клучарчиња“ (роман за деца и млади, 1992), „Прекршен лет“ (поезија, 1996), „Кога цутеа костени“ (поезија, Брно, 1997).

Член на Друштвото на писателите на Македонија од 1971 година. Во претседателството на ДПМ била членка од 2000 до 2002, а била и претседателка на Комисијата за активности на писателите за деца. Авторка е на голем број книги поезија, раскази, романи, хаику, поезија, романи и раскази за деца.

Миркуловска е добитник на Потокарова повелба на поранешниот Сојуз на книжевните преведувачи на Југославија за преводи од словенечки на македонски јазик, понатаму на „Кирил Пејчиновиќ“ на Сојузот на книжевните преведувачи на Македонија и „Златно перо“ на СКП на Македонија во 2008 година за преводот на романот „Капелан Мартин Чедрмац“ од Франце Бевк, а за „Фатаморгана“, ја доби наградата „Даница Ручигај“ на ДПМ.

СООПШТЕНИЕ НА ДПМ


Се простуваме од Бистрица Миркуловска, најстариот член на ДПМ. Бистрица своите први обиди на македонски јазик, кој не ѝ беше мајчин, ги направи уште во првите македонски списанија за деца, започна да пишува уште во она време кога не беше примерно да се биде поетеса, а таа го издржа тој пат пред сите предизвици на поетското писмо, од пишувањето за деца преку мал загреб во интимната поезија, до најновите чекори да се биде пред сите во освојувањето на формите, хаикуто и на танка записите, и со смелоста интертекстуално да се излезе од друга поетска реч, во името на јубилејноста, независно дали на прославата или на ментото. А да се биде писател за деца од ковот на Бистрица Миркуловска, значеше да се има педагошки пристап кон детето од сите овие различни времиња што го одбележија нашето современие особено од шеесеттите години на минатиот век, од кога ѝ се првите книги за деца („Цвеќенца, 1960) преку оние турбулентни транзициски години што меѓу првите ги внесе во литературата за деца („Клучарчиња“, 1992). Да се биде во допир со најновите достигнувања во литературата, значело да се поврзе универзитетската професија со творечката. Зад Бистрица Миркуловска останува богат книжевен опус, грижливо создаван над шест децении, од времето на нејзините првообјави, меѓу нив книгата раскази „Градинче“ (1962), богатиот корпус литература за деца, што ѝ остана трајна преокупација, преку навлегувањето на сферите на интимата, што отсекогаш ѝ било забранета зона, а во која навлегува стамено со „Прекршен лет“ во 1995 г. Активно творејќи во два века, во првите децении на XXI век, Миркуловска на секоја размисла што допрела до неа независно преку кој медиум, знаела да ѝ дава современа поетска димензија, да ги открива тајните на микрокосмосот, интертекстуално да навлегува во порите на поезијата од сите светски меридијани, и бездруго, во стиховите на Конески, кому со поетска збирка ќе му го одбележи јубилејот – сто години од раѓањето („Микрокосмос“, 2021), и секогаш во духот на Конески „со добра мисла“. Миркуловска секогаш посакуваше уште нешто да рече. Нам ни останува да ѝ се заблагодариме за нејзиниот сестран придонес во македонската литература, зашто таа беше еден од најактивните членови на Друштвото на писателите на Македонија, секогаш присутна на сите настани. За една од последните нејзини стихозбирки („Фатаморгана“, 2017) ДПМ ѝ ја додели наградата „Даница Ручигај“. Вечен спомен!

Бистрица Миркуловска

Нашите бабички мили

Нашите бабички мили
во детството деца
во младоста
моми – убавици биле!

Па потоа станале жени
на дедовците наши,
станале мајки
на татковците и мајките наши,
тие ги родиле,
со млеко ги доеле,
ги бањале, негувале,
одвиткувале, повиткувале,
со песни ги заспивале
за рака ги воделе –
да не заталкаат.
Како и мајките наши
на работа оделе.
А кога остареле –
бабички наши станале.
Да се потсетиме дека и тие
момички, жени и мајки биле,
па да ги сакаме –
нашите бабички мили!



821.163.3:929Рењов, М.

IN MEMORIAM – МИХАИЛ РЕЊОВ

Друштвото на писателите на Македонија се проштева од еден од своите великани, Михаил Рењов. Поет на светлината и на малкузборноста, Михаил Рењов за навек ги продолжува светлите патеки на македонската литература, по патот на светлината што во македонската литература ја внесе Климент Охридски, и ја продолжи својата поетика низ певот на псалмите што во македонската литература го воздигна Григор Прличев, издигнувајќи го македонскиот јазик на високиот пиедестал на јазиците што го апсорбираа надмилениумски псалтирот како духовно достоинство. А во својот работен век Рењов беше поврзан со свети Климент Охридски, зашто библиотеката што го понесе името на овој македонски светител беше негов работен простор, во кој Рењов промотивно ја внесе македонската, но и светската поезија, уште од она време на „Махабхарата", исто како што беше поврзан и со поширокиот охридски предел, особено со Прличевиот пев, зашто беше еден од ретките што се осмели да пишува поема во апокрифен тајнопис, небаре врежан на камен, исто како што се осмели од дамнешната временска оска актуализирано да ги спои митологијата и религијата, правото на сосуштествување на противречни концепти од различни времепространства. И тука се допира неговиот светлински глас низ сите сетила што ја разбрануваат душата, меѓу „Јас" и „Тој". А оној медиумски простор меѓу нив му го отстапи на Бога. Рењов им припаѓа на поетите без граници што ја наоѓаат бесконечноста во манастирската тишина (стихозбирката „Нерези" – преломна во неговата поезија), во која антифоно се одгласуваат неговите збиени стихови меѓу фреските што ја прославија македонската ренесанса како една од најживописните во христијанскиот свет. Оној европоцентричниот. Рењов ја прослави македонската поезија уште во оние ѕвездени мигови во шеесеттите години на минатиот век кога таа се вцртуваше на светската мапа, манифестациски и манифестно (еден од првите добитници на наградата на „Струшките вечери на поезијата" за необјавена песна). Беше тоа во време на инаугурација на стамени концепти врз кои се пресоздаваше македонскиот поетски јазик, а тој го вознесе не само огнот (симболично) туку и факелот (неосимболистички) со кој ја озари поетската публика. Со светлината од праизворите на зборот што ги совлада, пренесувајќи ги старите мудрости на македонски, меѓу должностите и задоволствата (оние од претхристијанските поетики), никогаш не напуштајќи ја определбата дека должноста на поетот е да ги возвеличува зборот и јазикот и да ужива во благозвучноста на стихот и на песната, онаа изнедрена од старите записи и облагородена низ современиот призвук на модернистичкиот поетски израз (меѓу романтичарското и надреалистичното, во сферите на фантастичното и метафизичкото. И секогаш во спрега, или духовна синтеза, седнео, со најелитните форми на современиот македонски јазик, оние што ги нема во другите јазици, а Рењов знаеше и умееше да ги искамчи, небаре ги беше имал изнаоѓано во свети Методиевиот „Закон судниј људем", најстариот наш правен текст, зашто и самиот тој по професија сепак беше правник, во онаа смисла во која правото го благословува убавото. Како искушение!

Ретки се поетите како Рењов што со таков модернистички пристап ја освежуваат пралексиката на македонскиот јазик.

Ќе ѝ недостасува неговиот пев на македонската поезија!

Михаил Рењов (1936-2024), македонски поет, прозаист и преведувач. Завршил Правен факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Рењов работниот век го минал во НУБ „Св. Климент Охридски" во Скопје како советник по библиотекарство. Рењов има големи заслуги за формирањето на библиотечниот фонд со современи авторски ракописи и манускрипти од познати писатели што се чува во НУБ „Св. Климент Охридски" во Скопје. Бил член на Македонскиот ПЕН центар и на Друштво на писателите во Македонија.

Творештво

- „Иселеник на огинот" (поезија, 1965);
- „Ноќно растење на зборот" (поезија, 1967);
- „Каде од оваа страна" (поезија, 1968);
- „На работ од сонот" (поезија, 1972);
- „Страв" (поезија, 1976);
- „Полноќ" (поезија, 1979);
- „Нерези" (поезија, 1982);
- „Аутодафе" (поезија, 1985);
- „Феникс" (поезија, сонети, 1987);
- „Земја. Потоп" (поезија, 1991);
- „Сонување патување" (книга за деца, 1991);
- „Тој" (лирска поема, 1993);
- „Шпил" (поезија, 1994);
- „Вечната бесконечната" (поезија, 1996);
- „Јас оксиморон" (поезија, 1998);
- „Ангела сонува" (поезија за деца, 1998);
- „Псалми" (поезија, 2000);
- „Апокалипса" (драмска поема, 2002);
- „Раскази за Захариј" (раскази, 2004);
- „Сонети" (поезија, 2010);
- „Зраци" (поезија, 2023).

Препеви

- „Гилгамеш" (3 изданија: 1994, 1997, 2000);
- „Тиранија на сонот" од Каролина Илика;
- „Мудрости и горчини" од Дритеро Аголи.

Михаил Рењов се закитил со сите најзначајни награди:

- Награда на СВП за необјавена песна (1964);
- Ноемвриска награда на градот Штип за книгата „Иселеник на огнот" (1966);
- Награда „Браќа Миладиновци" на СВП за книгата „Нерези" (1982);
- Награда „11 октомври"за книгата „Нерези" (1982);
- Награда „ Григор Прличев" за „Тој" (поема, 1993);
- Grand prix international – Romania (1997);
- „Златно перо", за препевот на книгата „Мудрости и горчини" од Дритеро Аголи (1998);
- Награда „Ацо Шопов" за „Јас Оксиморон" (1999);
- Македонска номинација за наградата „Балканика" (2000);
- Награда „Рациново признание" за „Раскази за Захариј" (2004);
- Foundation Ramkovski (2007);
- Награда „Григор Прличев" за „Предвесница" (2009);
- Награда „Григор Прличев" за препевот на книгата „Тиранија на сонот" од Каролина Илика.



УДК 821.163.3-1

IN MEMORIAM
ОЛИВЕРА НИКОЛОВА

Оливера Николова (11 март 1936, Скопје – 4 ноември 2024, Скопје), една од најпознатите македонски писателки. Во нејзините дваесетина дела за деца и за млади се вбројуваат две сликовници (во соработка со Драган Митровски и со Дарко Марковиќ), но и пиеси, театарски игри, збирки раскази, повести и романи за деца. Најпрепознатлива е по класиката „Зоки Поки“ (1963), но и со „Чук, чук, Стојанче“ (1976) сè до „Девојките на Марко“ (1987) и „Светлосна година“ (1998). Нејзини други дела се романите: почнувајќи од „Тесна врата“ (1983), преку „Тромбот“ (1996) и „Вежби за Ибн Пајко“ (2000), сè до „Куклите на Росица“ (2004) и „Песот со тажен поглед“, за кои ја има добиено најпрестижната прозна награда, „Роман на годината“ на Фондацијата „Славко Јаневски“. Оливера Николова е, всушност, единствената двојна добитничка на оваа награда. Во нејзиното творештво се вбројуваат и две збирки раскази, како и една комедија („Сребрено јаболко“, 1975).

Добитничка е на повеќе награди, меѓу кои наградата на РТВ Скопје и на СВП, потоа наградите „Стале Попов“ на Друштвото на писателите на Македонија, „Рациново признание“ и спомнатите „Роман на годината“. Најпосле, оваа година, на Оливера Николова ѝ беше доделен и Орден за заслуги за Македонија.

Оливера Николова и кротко и самоуверено го гради својот импресивен книжевен опус, соочувајќи се со сите предизвици што може да ги има жената авторка во една патријархална средина, силно доминирана од машки фигури. Зад себе остава голема празнина, но и огромно книжевно наследство, неисцрпно богатство за генерации и генерации денешни и идни читатели и истражувачи.

Оливера Николова на доделувањето на Орден за заслуги (2024)

„Писател... Писатели... Знаеме ли што се очекува од нас? Го прифаќаме овој товар со занес, а што се бара од нас? Што треба да работиме? Дали да се слушаме само себеси? Дали да ги слушаме првенствено другите? А, најважното: дали би го прифатиле и тоа што ни се наметнува? Во име на овие брзи и површни размисли, во име на нашето колебање за кое секој писател го остри перото, ја поздравувам нашата сложност во предвидувањата кои секогаш сме ги оспорувале, да го чуеме не само пискотот на разумот, туку и нашата несигурност со која ја китиме кревкоста на упорното постоење. Она што го работиме никогаш не ќе знаеме со сигурност кои бедеми ги поставува, сè додека не го пропуштиме времето да истрча пред нас и да ни мавта од иднината за повикување.“

Оливера Николова на промоцијата на десет тома со 12 реобјавени книги од творештвото за возрасни на Николова, во издание на „Арс Ламина“ (2024).

„Зоки Поки е плод на мојата невиност – невиност без сознание за стапиците на зборовите – а тоа што следуваше потоа, пишување не само со интуиција и спонтаност туку и со подготовка и со одговорност за тоа што го пренесувам – да кажам тежок збор – ме очовечи. Го прошири и го збогати до невидени размери моето битие, извлекувајќи ги на виделина неговите скриени потенцијали и творечки неспокојства. Пишувањето стана, можам да речам, мој ориентир во животот. И тоа е тежок збор, но кажан со голема одговорност. Ориентир. Тоа ми овозможи да ги запознам луѓето однатре, за да знам како да ги опишам, а притоа, можеби и поважно, како да научам и да живеам со нив во реалноста, како да ги прифатам, да ги оправдам, да ги засакам. Ука што во најраната младост секако ми недостигаше потполно, а која се покажа дека ми е недоволна за личностите за кои пишував и кои морав длабоко да ги запознам пред да пишувам за нив. Како за која нова книга се определував, како се шири и моето тематско интересирање, така се шири и опсегот на моите познавања од животот, неговата многустраност. А потоа и моето однесување меѓу луѓето. Така пополека ја освојував сопствената зрелост, со тоа и сигурноста и дилемите на новата возраст, но и сигурноста меѓу зборовите што ги искажуваат нашите мисли. Се разбира, им благодарам и на моите долги години што ми дадоа шанса за поправање на грешките. Тежината на годините, за чудо, умее фиктивното за кое е бескрајно способна, да го насочи и да го оплоди во богати полиња продуктивни во секоја поинаква смисла од појдовната. Многу сакам, гледате, овие зборови да не се однесуваат само за моите дела туку и за мене. И многу сакам да верувам дека постои шанса да го засакате тоа што сум го создала и во моите искуства да пронајдете одговори и за себе.“



УДК 821.163.3-1

IN MEMORIAM – СЛАВКА АРСОВА

Славка Арсова (3 јули 1934, Скопје – 5 ноември 2024, Скопје).

На 5.11.2024 почина Славка Арсова, поетеса и авторка за деца, членка на Друштвото на писателите на Македонија од 1993 година. Завршила Филозофски факултет. Била членка на Претседателството на ДПМ во два наврата, претседателка на Здружението на просветните работници на РМ, а била основачка и организаторка на детскиот книжевен фестивал „Ракатки“. Добитничка е на наградата „13 Ноември“ на Град Скопје, награда на манифестацијата „Месец на липите“, награда за животно дело на Здружението на просветните работници и други признанија. Арсова е авторка на повеќе збирки поезија, а особено позната е по своето творештво за деца.

ДЕЛА:

„Вечно постоење“ (1991)
„Именијада“ (1992)
„Да полетаме со птиците“ (1993)
„Пораки на разумот и душата“ (1994)
„Те имаме земјо вековијо“ (1996)
„Детски лажго смешки“ (1997)
„Трепетот на интимата“ (1998)
„Срцевина си на сè“ (1998)
„Дом на месечината (1999)
„Зелениот брод“ (2001)
„Детски ѓаволштини“ (2002)
„Разни имиња-без презимиња“ (2005)
„Бисерчиња од детски главчиња (2009)
„Каде е среќата, кога доаѓа измамата“ (2010)
„Песни за мали и големи (2011)
„Лажготека“ (2022) и др.

Славка Арсова

ПРОШЕТКА СО ЗМЕЈ

Со еден шарен змеј
врзан со од Сонцето зраците,
јас и Дарија – вчера
летавме над облаците.

Отидовме на гости на Месечината,
свративме и до ѕвездата Деница,
на Јупитер игравме со дечињата,
а на Сатурн ни дадоа топеница.

Прошетавме низ паркови од кристали
покрај реки, полни од мед и млеко,
по улиците расфрлани чоколади,
небаре ги заборавил некој!

Верувате ли деца.
Сè што е убаво – таму е збрано,
просто човек да се чуди!
Но, кога сакав
нешто да си купам –
будилникот почна да ме буди!

ПОЧЕСНО ЧЛЕНСТВО НА ЖАН ПЈЕР СИМЕОН

На 26 август во свечената сала на Друштвото на писателите на Македонија му беше врачена плакета за почесно членство на овогодинешниот лауреат на Струшките вечери на поезијата Жан Пјер Симеон. Во своето кратко обраќање, претседателот на ДПМ, Живко Гроздановски се осврна и на благородното творечко кредо на лауреатот, автор на книгата „Поезијата ќе го спаси светот", по што му го честита почесното членство. Лауреатот се заблагодари за гостопримството на Друштвото и за укажаната чест. На крајот од церемонијата пред присутните беше прочитан и извадок од творештвото на лауреатот. По неколку изданија на СВП во кои врачувањето на почесното членство на лауреатот во ДПМ се одржуваше во хотелот „Дрим" во Струга, од оваа година церемонијата се враќа во домот на писателите во Скопје.

ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ДПМ И ЈУ ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"– СКОПЈЕ

На 14 август претседателот Живко Гроздановски потпиша меморандум за соработка со директорката Снежана Сојчевска на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци" во Скопје. Со потпишувањето на меморандумот во наредниот период е планирана поактивна соработка.

ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ДПМ И ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"– СКОПЈЕ

На 21 август претседателот на ДПМ Живко Гроздановски потпиша меморандум за соработка со Владимир Мартиновски, деканот на Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје. Со потпишувањето на меморандумот во наредниот период е планирана поактивна соработка преку заедничкото чествување на јубилејни годишнини на некои од великаните на модерната македонска книжевност.

НАБАВКА НА ПРОЕКТОР, ПЛАТНО ЗА ПРОЕКТОР И ЗВУЧНИК

Во август беше извршена набавка и монтажа на проектор, платно за проектор и звучник JBL Soundbar 2.1. Набавката на овие технички уреди за ДПМ ќе помогне во одржување на претстојните настани на кои ќе може да се проектираат кратки филмови, видео-презентации, поетски читања итн.

ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГОДИШНИТЕ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2023 ГОДИНА

На 18 септември во ДПМ се одржа свечен настан по повод доделувањето на годишните награди на ДПМ за 2023 година. Романот „Ако се родат некакви чувства" од Блаже Миневски што е во издание на „Матица македонска" е добитник на наградата „Стале Попов" за најдобра прозна книга за 2023 година. Наградата „Ацо Шопов" за најдобра збирка поезија е доделена на делото „Коњски житија" од Зоран Анчески, а е во издание на „Арс ламина". Наградата „Ванчо Николески" за најдобра книга за деца и млади е доделена на книгата „Земјата на заборавените сказни" од Билјана С. Црвенковска што е во издание на „Чудна шума". Книгата „Птици во аквариум надреализам 1924-2024" од Лидија Капушевска-Дракулекса и Влада Урошевиќ во издание на „Полица" ја доби наградата „Димитар Митрев" за 2023 година за најдобра книга, критика и есеистика. ДПМ не ја додели наградата МОСТ за најдобро дело напишано на јазик на националностите затоа што пристигниле само две дела, а за да се изврши избор се потребни три дела според Правилникот за доделување на книжевните награди на ДПМ.

КНИЖЕВНА ВЕЧЕР ПОСВЕТЕНА НА ПОЕТОТ ЏАЛАЛУДИН МЕВЉАНА РУМИ

На 30 септември во ДПМ се одржа книжевен настан по повод одбележувањето на роденденот на светскиот поет Џалалудин Мевљана Руми. На настанот се читаше поезија од Руми, а книжевни разговори водеа Ана Пејчинова и Тихомир Јанчовски.

КЛАСИЧНИОТ КИНЕСКИ ПОЕТ КАКО ДЕЈСТВУВАЧКО ЛИЦЕ НА ИСТОРИЈАТА

На 14 октомври во 19 часот предавање одржа Игор Радев на тема: „Општествено-политичката улога на македонскиот книжевник, позициониран на виртуелната мапа помеѓу поетот во класична Кина и бестселерот во современата западна култура".

КОМЕМОРАЦИЈА ЗА БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА (1930-2024)

На 8 октомври во 12 часот на Филолошки факултет „Блаже Конески" се одржа комеморација за Бистрица Миркуловска. На комеморацијата збор зедоа: Вера Стојчевска-Антиќ, Димитар Пандев и Лидија Аризанковска.

КОМЕМОРАЦИЈА ЗА МИХАИЛ РЕНЏОВ (1936-2024)

На 21 октомври во 12 часот во НУБ „Св. Климент Охридски" се одржа комеморација за Михаил Ренџов. Библиотеката заедно со ДПМ и ПЕН центарот во Македонија одржаа заедничка комеморација. Говорници беа: Гордана Михаилова-Бошнаковска, Владимир Мартиновски и Марина Мијаковска.

УТОЧНУВАЊЕ

„Во 'Стожер' бр. 154 (3/2024) насловот 'Оттука, сè може само нагоре' на стр. 4 (и истиот израз во текстот на стр. 5) треба да гласи: 'Оттука, се може само нагоре'".

ВЕСТИ ОД МАКЕДОНИЈА

51. МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

На дводневната 51. Меѓународна научна конференција што се одржа во Охрид кон крајот на август, учествуваа 85 македонисти, филолози, слависти, балканолози, културолози, академици, емеритуси, раководители на катедри на лекторатите, професори, научни истражувачи, лектори и преведувачи.

80 ГОДИНИ НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

На 23 ноември 1944 година, НУБ „Св. Климент Охридски" во Скопје е формирана со одлука на АСНОМ. Прв директор бил Ѓеорѓи Шоптрајанов. На 23 ноември 2024 година се одбележува 80 години од постоењето на библиотеката. По тој повод вработените изработија нова монографија „80 години НУБ „Св. Климент Охридски" во Скопје".

КРАТКИ ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

ФЕСТИВАЛОТ НА СВЕТСКАТА КНИЖЕВНОСТ ВО ЗАГРЕБ

Од 1 до 9 септември во Загреб се одржа Фестивалот на светската книжевност, на кој, меѓу другите, учество зедоа повеќе познати писатели: Паоло Џордано, Жан-Баптист Дел Амо, Славенка Дракулиќ, Елиа Барцело и др.

РЕДАКЦИЈА

СТРИП НА „СТОЖЕР“, БР. 9





Васил Пујовски



Јован Стрезовски ја прима наградата „Стале Попов“, 1978



Македонска книжевна експедиција, Вашингтон, 1991















Свечено доделување на годишните награди на ДПМ за 2023 година

ВРЕМЕПЛОВ

Пред 390 години

„Да се знае кога падна снег врз житото, та ги искрши лозјата и сите овошки. Месец мај, 12-ти ден 1634 година“ (ракопис од XIII-XIV век).

Пред 130 години

Објавена е „Автобиографијата“ на Григор Прличев, една година по неговата смрт. „Автобиографијата“ започнал да ја пишува во 1884 година. Во неа тој ги презентирал главните ликови настани во неговиот живот, како што се фигурата на неговата измачена мајка, влијанието на Димитар Миладинов, борбите со грчката интелигенција, затворањето итн. Неговата „Автобиографија“ е едно од првите и најзначајни дела од овој книжевен вид во македонската книжевност.

Пред 120 години

Во Струга е роден Филип Каваев, поет, раскажувач, драматург и фолклорист. Започнал да пишува уште пред Втората светска војна. Автор е на расказот „Прост рибар“, збирката „Народни пословици и гатанки од Струга и Струшко“, „Битола, бабам Битола“, „Смилево славно во оган гори“ и др. Во 1961 г. бил награден со наградата „4-ти Ноември“, кога бил одликуван и со Орденот за труд со сребрен венец. Починал во Битола, 1974 година.

Пред 110 години

Роден е Стерјо Спасе (село Глобочени, Мала Преспа 1914 – Тирана, 1989), писател со македонско потекло и еден од најзначајните претставници на современата албанска литература. Препејувал, преведувал, бил учебникар, антологичар и собирач на македонски народни умотворби во Мала Преспа. Образованието го стекнал во Албанија, на Универзитетот Флоренца во Италија и во тогашниот СССР. Автор е на повеќе романи и раскази, а негово најпознато книжевно дело е „Од живот за живот – зошто?“, роман напишан во вид на дневник, што се фокусира на една трагична дилема на млад интелектуалец на село. Постхумно, Стерјо Спасе од тогашниот албанскиот претседател Илир Мета е одликуван со признанието „Витез на редот на знамето”. Во неговото родно село е отворен Музејот „Стерјо Спасе“, а на плоштадот во селото во 2014 година е откриена бронзена биста на Спасе.

Пред 90 години

Роден е Видое Подгорец (Колешино, Струмичко, 1934 – Скопје, 1997), еден од најплодните македонски автори. Припадник е на втората генерација македонски писатели, а објавил стотина наслови стихозбирки, раскази и романи. Се школувал во родното село, во Штип и во Скопје. Од 1962 година работи во Скопје во НИП „Нова Македонија“, во редакцијата „Детска радост“, како уредник во детските списанија „Другарче“ и „Наш свет“. Член на Друштвото на писателите на Македонија од 1958 година. Неговите дела се преведувани на повеќе светски јазици: српски, хрватски, словенечки, турски, албански, руски, украински, полски, чешки, словачки, бугарски итн. Пишувал поезија и проза за возрасни и за деца, книжевна критика и есеистика, а покрај тоа, има објавено серија патописи од неговите патувања во други земји. Подгорец е автор на неколку телевизиски сценарија за детски игри, како и на две радиодрами за деца. Автор е на повеќе книги: „Ајдучка чешма“ (роман за деца), „Рајна Војвода“ (роман за деца и млади), „Пиринскиот цар“ (раскази за деца), „Карпошовата буна“ (роман), „Белото циганче“ (роман) и др. Во 1969 година, издавачката куќа „Наша книга“ од Скопје објави избор од делата на Подгорец во десет книги.

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Живко Грозданоски
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Славчо Ковилоски (главен и одговорен уредник)
Лилјана Пандева (лектор)
Марина Мијаковска
Делвина Крлуку
Стефан Марковски

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати:
Датапонс

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

На барање на поетите, дел од песните објавени во ревијата не се лекторирани.